Тампонирање на крак од улица „Железничка“.



**800m²** **2019**

Тампонирање на улици во с. Скачковце.



**750m²** **2019**

Тампонирање на улици во с. Љубодраг.



**4800m²** **2019**

Тампонирање на улици во населба Перо Чичо (Гладно поле).



**700m²** **2019**

Тампонирање на улица „210“ во населба Карпош.



**100m²** **2019**

Тампонирање на пат во с. Пезово.



**3300m²** **2018**

Тампонирање на патот од с. Зебрњак до локалитет Амбар маало.



**350m²** **2018**

Тампонирање на улица „Ѓуро Пуцар - Стари“.



**9500m²** **2018**

Реконструкција и тампонирање на пат во с. Тромеѓа.



**2550m²** **2018**

Тампонирање на улици во населба Перо Чичо (Гладно поле).



**1175$m^2$ 2018**

Трасирање и тампонирање на патот од с.Тромеѓа до с. Зебрњак.



**10000$m^2$ 2018**

Тампонирање на патот од фабриката „Циглана“ до надвозникот на автопатот.



**3600$m^2$ 2018**

Тампонирање на патишта во селата Клечовце и Јачинце.



**6000$m^2$ 2018**

Тампонирање на улици во населба Перо Чичо (Гладно поле).



**3950$m^2$ 2018**

Тампонирање на пат во село Тромеѓа – Амбар маало.



**1000$m^2$ 2018**

Тампонирање на улица „Ѓорче Петров“ крак 1 во населба Перо Чичо.



**520$m^2$ 2017**

Тампонирање на улица „421“ во населба Иго Тричковиќ.



**1300$m^2$ 2017**

Тампонирање на пат во с. Речица.



# ИНДУСТРИСКА ЗОНА НОВИНИ И РЕЧИЦА

Пошироката јавност е запознаена со можностите за инвестирање, начин и постапка за стекнување со имот за инвестиција во индустриската зона Новини и Речица во Општина Куманово. Истакната е напредната фаза на инвестиција во новата индустриска развојна зона, лоцирана северно од градот кон границата со Република Србија, на автопатот Е-75 (Белград – Атина). Се простира на површина од 65 хектари градежно земјиште, со намена Г2 (лесна и незагадувачка индустрија) и намена Б (големи трговски единици – шопинг-молови и хотели). Како еден од капиталните проекти на Општина Куманово, оваа најголема индустриска зона во Општината привлекува голем број компании, преку развивање на големи трговски единици, од причина што стопанството е една од најзначајните гранки за развивање и просперитет на нашите граѓани.

Во мандатот 2021 - 2025 година реализирани се повеќе активности помеѓу кои, асфалтиран е пристапниот пат до зоната, изградени се дел од улиците „1“ и „13“, а поставен е и дел од атмосферската канализација, во должина од 1210m. Асфалтирани и изработени се сливници со приклучни цевки за атмосферска канализација на ул. „Индустриска“ во зоната. Продолжуваме со изградба и реконструкција на останатите улици.



Општина Куманово спроведе постапка за отуѓување на градежно земјиште по пат на електронско јавно наддавање, со намена Г4-стоваришта и складови, на локација во новата индустриска развојна зона во Горно Којнаре, м.в. Новини и м.в. Речица во Општина Куманово. На јавното наддавање по пат на електронска аукција беа пријавени три компании, а најповолен понудувач со највисока понудена цена е компанијата ДТМ ЛИДЛ Северна Македонија ДООЕЛ, со седиште во Скопје. По исполнување на сите услови пропишани во Јавниот повик, имотот премина во сопственост на компанијата, по што започна инвестиција од нивна страна. Најголемиот логистички и дистрибутивен центар на германската компанија ДТМ ЛИДЛ Северна Македонија ДООЕЛ, во регионот ќе отвори можност за повеќе од 300 вработувања за локалното население.





Градоначалникот Димитриевски заедно со претставници на грчката фирма „ARMOS Balkan“, ја посетија индустриската развојна зона Новини и Речица, кои се инвеститори на фабриката за производство на бетонски префабрикувани елементи.

Активно се работи на изградба на нова водоводна мрежа, атмосферска и фекална канализација, изградба на дел од сообраќајници и осветлување на дел од сообраќајниците, финансирани од Потпрограмата АА на Владата.



Во мандатот 2017 – 2021 година Општина Куманово од Владата на Република Северна Македонија доби дваесет милиони денари за инвестиции во инфраструктурата во новата индустриска зона Новини и Речица во Куманово.

Извршена е изградба на пристапен пат, дел од улиците и дел од атмосферската канализација, а Општината планира средствата што ќе ги добие од инвеститорите, да ги реинвестира во развој на инфраструктурата и зоната.








Градоначалникот и тим од Општината активно работат на презентација и промоција на можностите за инвестирање, како и предностите што ги нуди новата индустриска зона Новини и Речица, преку организација на онлајн презентации и работни состаноци со бизнис заедницата, дипломатските претставништва и претставници од различни заинтересирани домашни и интернационални компании.

Нашата локална самоуправа продолжува во континуитет да вложува во развој на инфраструктурата во индустриската зона, со цел развој на зоната и привлекување на нови странски инвестиции, кои ќе донесат економски бенефит за граѓаните на Куманово и целиот регион.








# ГАСИФИКАЦИЈА

Во период од осум години на територија на Општина Куманово изградена е дистрибутивна гасоводна мрежа во должина од 7.215m, со што веќе има изградено приближно 29 километри секундарна дистрибутивна гасоводна мрежа. До потрошувачите се дистрибуирани над 7.250.000m³ природен гас во овој осумгодишен период. Денеска во Куманово имаме вкупно 33 правни субјекти и 202 физички субјекти приклучени на секундарната гасоводна мрежа.

Од почеток на гасификацијата во Куманово, на мрежата досега се приклучени повеќе значајни институции и објекти, помеѓу кои се: ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто", ЈП „Водовод" Куманово, средните училишта „Перо Наков", „Гоце Делчев" и „Наце Буѓони", основните училишта „Браќа Миладиновци", „Крсте Мисирков", „Бајрам Шабани", „Кочо Рацин", затворениот градски базен, како и дел од ЈП „Чистота и зеленило", зградата на Општина Куманово, ЈУОУД „Професор Мијалковиќ" и четири објекти од ЈОУ Детска градинка „Ангел Шајче" – Куманово: „Развигорче", „Кокиче", „Синоличка" и „Пчелка". Приклучени на мрежата се и верските објекти, црквите „Свети Никола" и „Света Троица" во Куманово и низа други субјекти. Трендот на приклучување на јавните установи ќе продолжи и во следниот период.

Во Куманово на гасоводна мрежа досега се приклучени и повеќе колективни станбени згради, и тоа на: бул. „Октомвриска револуција“ 6б, А2, 26В, 22/1, 22А и на улиците „Моша Пијаде“, „Иво Лола Рибар“, „Васко Карангелески“ и „Ленинова“.

Во период од 2021-2025 година дистрибуирани се над 5.145.000m³ природен гас до потрошувачите приклучени на дистрибутивниот гасоводен систем на град Куманово, изградена е дистрибутивна гасоводна мрежа во должина од 2.768 метри.

Во 2022 година изградени се вкупно 1.113 метри дистрибутивна гасоводна мрежа на следните локации: улица „Моша Пијаде“ во должина од 841m; крак од улица „Сава Ковачевиќ“ во должина од 153m; на кружен тек на булевар „Трета МУБ“ и „Бајрам Шабани“ во должина од 76m; на улица „Партизанска“ во должина од 43m.

Во 2023 година изградени се вкупно 1.045 метри дистрибутивна гасоводна мрежа на









следните локации: улица „Народна Револуција“ во должина од 312m; улица „Тонко Димков“ во должина од 448m; улица „Перо Шварц“ во должина од 75m; улица „Перо Чичо“ во долижина од 135m; на крак од булевар „Трета МУБ“ во должина од 75m.

Во 2024 година изградени се вкупно 607 метри дистрибутивна гасоводна мрежа: на крак од улица „Вараждинска“ во должина од 234 метри; на крак од улица „Горна Милановачка“ во должина од 133 метри; на крак од улица „Видое Смилевски-Бато“ во должина од 150 метри; на крак од улица „АВНОЈ“ во должина од 90 метри.

Одобрен е проект за изградба на секундарна дистрибутивна мрежа во мини индустриската зона во с. Доброшане.

Во период од 2017-2021 година испорачани се над 2.100.000m³ природен гас до потро-



шувачите приклучени на дистрибутивниот гасоводен систем на град Куманово, изградена е дистрибутивна гасоводна мрежа во должина од 4.450 метри.

Во 2017 година изградени се 120 метри дистрибутивна гасоводна мрежа на следните локации: крак од улица „Живко Чало“ во должина од 80 метри; крак од улица „Иго Тричковиќ“ во должина од 40 метри.







Во 2018 година изградени се 800 метри дистрибутивна гасоводна мрежа на следните локации: бул.„Октомвриска револуција“ во должина од 150 метри; крак од улица „Вардарска“ во должина од 200 метри; крак од улица „Владимир Назор“ во должина од 120 метри; крак од улица „Карл Маркс“ во должина од 150 метри; крак од улица „Ѓупчо Арсов“ во должина од 130 метри; на крстосница помеѓу улица „11 Октомври“ и бул. „Трета МУБ“ (под новиот кружен тек) во должина од 50 метри.

Во 2020 година изградени се 1720 метри дистрибутивна гасоводна мрежа на следните локации: крак од улица „Иво Лола Рибар“ во дожина од 60 метри; улица „Димитар Влахов“ во должина од 100 метри; улица „Ленинова“ во должина од 260 метри; прв крак на улица „Васко Карангелески“ во должина од 760 метри; улица „11 Октомври“ во должина од 330 метри; крак од улица „11 Ноември“ во должина од 210 метри.

Во 2021 година изградени се 1210 метри дистрибутивна гасоводна мрежа на следните локации: улица „Осоговска“ во должина од 150 метри; улица „Сава Ковачевиќ“ во должина од 260 метри; улица „Братство Единство“ во должина од 300 метри; дел од улица „11 Октомври“ во должина од 150 метри; втор крак на улица „Васко Карангелески“ во должина од 350 метри. Во период од 2017 до 2021 година извршен е и ископ на приклучни делници во должина од 600 метри.









Со стратешко ширење на гасоводна мрежа во Куманово, изградена е гасоводна мрежа во близина на повеќе клучни објекти и институции кои се потенцијални корисници на гас: ЈП „Чистота и зеленило“ ; ЈП „Куманово паркинг“; Театар Куманово; НУЦК „Трајко Прокопиев“; СВР – Куманово; АД Македонска пошта – Куманово; ЈЗУ Општа болница; Основен суд Куманово; Центар за социјални работи; НУ Музеј Куманово; градската џамија „Татар Синан Паша“; комплексот Стар мерак, во кој се сместени канцеларии на повеќе служби и институции; објектот во кој се сместени УЈП и Централниот регистар на РСМ; непосредна близина на зградата на ТППЕ Куманово; објектот на Централна Кооперативна банка; зградата на Козјак во близина на градскиот стадион; спортската сала – Куманово и други.








# СООБРАЌАЈ

Безбедноста во сообраќајот е приоритет на кој се работи во континуитет. Општина Куманово редовно реализира проекти за подобрување на сообраќајната инфраструктура, со цел зголемување на безбедноста на учесниците во сообраќајот. Се преземаат мерки за прописно движење на пешаците, возилата и корисниците на други видови алтернативен сообраќај. Се става акцент на нови паркинг места, за да се намали метежот во централното градско подрачје. Во овој период се реализирани повеќе проекти.


ПРЕТХОДНО


СЕГА

Изградба на нов кружен тек на крстосница помеѓу булевар „Трета МУБ“ и булевар „Октомвриска револуција“.


ПРЕТХОДНО


СЕГА

Изградба на кружен тек помеѓу улиците „Гоце Делчев“, „Бајрам Шабани“ и булеварот „Трета МУБ“.


ПРЕТХОДНО


СЕГА

Изградба на кружен тек на крстосница помеѓу улица „11 Октомври“ и булевар „Трета МУБ“.




Се подготвува изведба на кружен тек лоциран на крстосница помеѓу булевар „Октомвриска револуција“ и улица„Доне Божинов“.





Проширување на улица„Гоце Делчев“ со реконструкција, изведба и поставување на автобуски стојалишта од двете страни на улицата, со цел намалување на застој во сообраќајот.

Поставување на столпчиња за разделување на велосипедскиот и пешачкиот од моторниот сообраќај на булевар„Октомвриска револуција“, во должина на целиот булевар од двете страни на коловозот.









Поставување на нова заштитна банкина, еластична ограда (одбојница) помеѓу улиците „Тоде Думба“ и „Драган Стопаревиќ“, а обновена е и хоризонталната и вертикалната сигнализација.



Реконструкција, доградба и санација на заштитна ограда на мостовите на улица „Доне Божинов“, во с. Проевце и во населбите Средорек и Бедиње.



Извршена е реконструкција на дел од улица „Гоце Делчев“ со проширување за уште една коловозна лента и реконструкција на постоечка атмосферска и фекална канализација на површина од 3285 $m^2$.



Изведба на приоди за лица со попреченост и за лица со инвалидитет на таргетирани сто локации во поширокото централно градско подрачје и непосредно пред влезовите на образовните и здравствените установи на подрачје на Општина Куманово.



Изградба на потпорен ѕид на новоизградената улица „100“.

Тековно и редовно годишно одржување, санација и реконструкција на хоризонтална и вертикална патна сигнализација и опрема на локални улици и патишта.









Пробивање и овозможување за сообраќај на крак од улица „11 Ноември“, со цел поврзување на улицата со „11 Октомври“ и намалување на метежот во сообраќајот во овој дел од градот.



Поставување на метални столпчиња за оддедување на пешачкиот од моторниот сообраќај по должина на улица „Пиринска Македонија“, на крак од улица „11 Октомври“ и други локации.



Поставување на банкини на патот Куманово – с. Романовце.





Исцртување на 3Д пешачки премини за поголема безбедност на пешаците во сообраќајот.

Спуштање на тротоарите на пешачките премини во градот и нивно адаптирање за користење од страна на лица со попреченост.





Поставување на сообраќајни огледала на крстосници, на кои е утврдена оваа потреба, поради лош агол на прегледност (непрегледен триаголник на прегледност).

Нова електронска комуникациска опрема за регулирање на сообраќајот на крстосница на улица „Октомвриска револуција“ и улица „Пиринска Македонија“.









Реконструкција на вкупно 80 (осумдесет) локации, на кои се поставени средства за намалување на брзината на движење на моторните возила, со реализација на подигнати пешачки премини пред сите објекти на градинката, основните и средните училишта.

Поставување на средства за смирување на сообраќајот на 5 локации околу ООУ „Крсте Мисирков“ и ООУ „Браќа Миладиновци“, 4 локации околу СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ Куманово, 2 локации на улица „Народна револуција“, 2 локации на улица „Благој Илиевски – Гуне“, 2 локации на улица „Вараждинска“, 2 локации на улица „Браќа Филиповиќ“, 2 локации на улица „Титова Митровачка“, 3 локации околу СОУ „Перо Наков“, 3 локации околу ООУ „Х.Т. Карпош“, 2 локации околу ООУ „Х. Т. Карпош“ во населбата Иго Тричковиќ , 3 локации на улица „Братство Единство“, 4 локации на улица „11 Ноември“, 4 локации на улица „Железничка“, 6 локации на улица „Р1104“, 3 локации на улица „Никола Тесла“, 1 локација на улица „Прва петолетка“, пред спореден влез на СОУ Гимназија „Гоце Делчев“, 1 локација на улица „Перо Чичо“, пред влез на здравствена установа Школска амбуланта, 1 локација на СОУ „Перо Наков“, 2 локации на улица „Тонко Димков“, непосредно пред приоден пат кон ОСТУ „Наце Буѓони“, 2 локации непосредно пред приоден пат кон подрачно училиште ООУ „Х. Карпош“, 2 локации пред главен влез на ООУ „Битолски Конгрес“ во с. Лопате, 2 локации на улица „Железничка“, 3 локации на улица „11 Ноември“, 1 локација во с. Романовце, 1 локација на улица „Кирил и Методиј“, 1 локација на улица „Србо Томовиќ“, на улица „Тоде Думба“ и улица „Бајрам Шабани“, на стариот пат Куманово – Скопје во селата Љубодраг, Ново село и Умин Дол, како и реконструкција на претходно поставувани средства за намалување на брзината на движење од гумирани материјали на: 3 локации на улица „Михајло Пупин“, улица „Веселин Маслеша“, улица „Ѓорче Петров“ и други.




Нов режим на сообраќај на дел од улици во централно градско подрачје согласно потребите на граѓаните (двонасочен режим на сообраќај на дел од улица „Ленинова“, еднонасочен режим на сообраќај на дел од улица „Димитар Влахов“ и на крак од булевар „Октомвриска револуција“)



**2022**

Изградба на паркинг простор на кружниот тек на крстосницата на булевар „Октомвриска револуција“ и булевар „Трета МУБ“.



**2023**

Целосна реконструкција на паркинг простор на локалитет Серава.



**2023**

Уредување на паркинг простор на ул. „Егејска Македонија“.



**2024**

Реконструкција на паркинг простор пред објектот Соколана.



**2022**

Асфалтирање на паркинг просторот пред новоизградената црква „Св. Архангел Михаил“ во населба Карпош.



**2022**

Изграден е паркинг простор во склоп на стариот градски парк.



2021

Нов паркинг простор лоциран на крак од улица „11 Ноември“ над градската џамија.



2021

Нов паркинг простор пред ОСТУ „Наце Буѓони“.



2021

Нов паркинг простор во близина на СОУ „Перо Наков“.



2021

Изградба на нов паркинг простор на локалитет Спомен костурница.



2020

Изградба на паркинг простор на излетнички центар Студена вода.



2020

Изградба на нов паркинг простор во склоп на ОСТУ „Наце Буѓони“.



**2019**

Изградба на нов паркинг на булевар „Октомвриска револуција“.



**2019**

Изградба на монтажна катна гаража со капацитет од 80 места за паркирање.



**2018**

Изградба на паркинг со времен режим во центарот на градот на локација Берза.



**2018**

Изградба на нов паркинг простор на влезот во градот, кај поранешен Дом на АРМ.



**2018**

Реконструкција на паркинг на локалитет Спомен костурница.



**2017**

Паркинг за хаварисани возила во близина на сточниот пазар во с. Долно Којнаре.



**2017**

Нов паркинг простор на булевар„Октомвриска револуција“ (Панче Пешев).




# ОСВЕТЛУВАЊЕ

Еден од клучните проблеми во минатото во Куманово беше јавното осветлување на градот, особено изразено во населбите и руралните средини.

Ориентирани кон квалитет и заштеди, по извршени истражувања во 2019 година, пристапивме кон решавање на овој децениски проблем со Договор за јавно приватно партнерство за осветлување на градот со штедливи ЛЕД светилки.

Проектот за осветлување беше значаен во периодот на енергетската криза и истиот, со јавно приватно партнерство продолжува.

Општина Куманово заедно со Институтот за истражување и анализа на политики „Ромалитико“ од Скопје, постави 138 улични светилки со соларно напојување на повеќе локации, во неколку населени места: Бавчи (50), Средорек (34), Карпи (50 светла) и ул. „Тане Георгиев“ (4 светилки).

Согласно потпишаниот Договор за јавно-приватно партнерство за осветлување, преку фирмата „ИЦС Системи“- Р. Чешка со подружница во Охрид, 9430 стари натриум светилки (вкупна инсталирана моќност од 1263.9 KW/h) се заменети со нови 9430 штедливи ЛЕД светилки (вкупна инсталирана

моќност од 222.9 KW/h), со што се овозможени значителни заштеди во потрошувачката, подобар квалитет на светлина, модерен начин на управување и следење на дефекти.



Проектот се реализира на територија на Општина Куманово вклучувајќи го централното подрачје, приградските населби и руралните средини каде што постои техничка можност.









Од 2023 година Општината користи сопствени новогодишни украси. Истите во согласност со плановите, се надополнуваат со нови и во наредните години. Електричната енергија која се користи за новогодишното осветлување е на сметка на „ИЦС Системи“, а за украсувањето е задолжено ЈП „Куманово паркинг“.

















Поставени се канделабри на градските плоштади, на локалитет Студена вода и во централното градско подрачје, со цел обезбедување модерно лед осветлување и автентичен изглед на овие делови од градот.

Осветлени се улици, патишта и јавни површини, поставено е ЛЕД осветлување во 16 училишта, на локалитет Спомен костурница, во градскиот и соколанскиот парк и на градскиот кеј.

Осветлени се и паркинзите кај поранешен хотел „Кристал“ и хотел „Куманово“, кај ТППЕ Куманово, кај зелениот пазар, паркингот кај “Тинекс” маркет и катната гаража.









# СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ

Куманово успешно одржува богата спортска традиција, создавана преку долгогодишни ангажмани и посветеност од страна на спортистите и спортските тренери, кои го докажаа својот квалитет, борејќи се за високо место во сите спортски дисциплини. Долгогодишното спортско искуство и спортски дух се носители на врвни резултати, кои се најверодостојно признание за посветениот труд на кумановските спортисти.

Во спортско - рекреативните објекти во Куманово се раѓаат спортисти, кои вредно тренираат и носат високи резултати на бројни спортски натпревари и турнири, одржувајќи го нашето спортско богатство. Општина Куманово ќе продолжи да вложува во нови спортски капацитети, враќајќи го сјајот на култните спортски објекти во градов.

Спортската сала во Куманово е изградена во 1980 година со капацитет од околу 4000 седишта. Проектирана е од архитектите Трајко Димитров и Живко Гелевски, а градбата ја добила големата награда на Биеналето на македонската архитектура (БИМАС), 1981 година. Овој грандиозен објект на своите гради носи безброј спомени, победи и незаборавни моменти на сите генерации. Градоначалникот Димитриевски имаше средба и со архитектот Трајко Димитров, припадник на првата генерација архитекти запишани на архитектонскиот отсек на Техничкиот факултет во Скопје, кој заедно со кумановецот Живко Гелевски ја проектирале спортската сала во Куманово. На средбата се дискутираше за визијата и планот околу целосна реконструкција на комплексот Спортска сала во нашиот град.













Процесот за целосна реконструкција на спортската сала е во завршна фаза. Целосно е реконструиран кровот, поставена е нова фасада на овој спортски објект. По нанесување на епоксиден под на спортското борилиште и на подови на трибините, поставен е и нов професионален еластичен под и паркет на теренот, според современи ФИБА стандарди. Набавена е спортска опрема и реквизити за спортската сала и фитнес салата, нови кошеви, голови и озвучување. Поставен е повеќенаменски семафор за следење на резултати за првенствени натпревари. Реконструирани се тоалетите и соблекувалните, а поставени се и нови ПВЦ врати, прозорци и ново осветлување во целиот објект. Активно се врши и и оспособување на простории за клубови и стрелиште. Следува партерно уредување на просторот околу спортската сала.
















Се враќа сјајот на комплексот Соколана, храм на спортот во Куманово. Во тек е првата фаза од реконструкција на објектот. Целосно е завршена реконструкцијата на кровот. Целосно е реконструирано игралиштето за кошарка во комплексот со нова асфалтна и тартан подлога, ограда, кошеви и опрема. Реконструиран е паркинг просторот и партерно е уреден делот околу целиот објект. Поставено е плато за 'street workout' со справи за вежбање. Претходно, целосно беше реконструирано и фудбалското игралиште, како дел од комплексот. Извршена е реконструкција на соколанскиот парк и хортикултурно уредување, поставени се пешачки патеки со нова камен тепих подлога, урбана опрема, осветлување, а пуштена е во функција и новата фонтана.













Стариот и најголем градски парк добива современ лик со неговата целосна реконструкција. Поставена е тартан подлога на пешачките и трим-патеки и на постоечкиот кошаркарски терен, а дополнително се направени и нови велосипедски патеки. Следува поставување на смарт клупи и соларни канделабри. Изграден е паркинг простор во склоп на паркот. Куманово добива модерен и урбан смарт парк со реквизити за забава, спорт и рекреација за сите генерации.













Во рамките на проектот за реконструкција на малиот плоштад „Маршал Тито“, комплетно се заменети постоечките подни елементи, поставени се нови канделабри, клупи и корпи за отпадоци.











**ПРЕТХОДНО**



**СЕГА**



Нови мултиспорт игралишта со тартан подлога во училиштата „Браќа Миладиновци“ и “Крсте Мисирков“.



Ново спортско игралиште со тартан подлога во Агино село.



Ново спортско игралиште со тартан подлога во с. Романовце.



Ново спортско игралиште со тартан подлога во с. Пчиња.



Од страна на Општина Куманово во ООУ „Вера Которка“ - с. Клечовце изградено е спортско игралиште за мал фудбал, кошарка и ракомет.



Изградено е игралиште со тартан подлога во склоп на ООУ „Магдалена Антова“ во населба Карпош.



Изградба на парк за миленици на градскиот кеј во Куманово.



Изградено е детско катче во населба Зелен рид.



Изградба на ново детско катче на ул. „Еспе-ранто“.



Изградба на ново детско катче на бул. „Ок-томвриска револуција“, локалитет Водовод.



Изградба на ново детско катче во населба Гоце Делчев.



Изградба на ново детско катче во с. Черкези.



Изградено е детско катче во населба Гоце Делчев.



Изградено е детско катче во населба Перо Чичо.



Изградено е детско катче на градскиот кеј.






Отворена е првата градска Сувенирница, која се наоѓа во склоп на Занаетчиски дом, претставувајќи симбол на посветеноста во промовирање на занаетчиството и туризмот во Куманово. Целта е да ја сочуваме традицијата и културата, но и граѓаните и сите гости на Куманово да имаат каде да купат автентичен производ и сувенир од нашиот град. Во рамките на овој проект, обезбеден е простор и за канцеларијата на Регионална занаетчиска комора.

Проект „Уредување, промоција и заштита на Бислимската клисура“ во насока на руралниот развој, село Пчиња, Бислимска Клисура, спроведен од Фондација за развој на мали и средни претпријатија - Куманово. Подобрена е туристичката понуда на Бислимската Клисура со:

- Поставени се инфо-табли на утврдени локации;
- Набавени се реквизити за движење по хајкинг-стази - 1 видиковец, 1 рампа за качување, 3 огради;
- Одржани две екоакции;
- Маркирани две нови патеки;
- Куќи прилагодени за сместување на туристи;
- Дигитализирање на културно наследство во клисурата (augmented reality за локалитет Градиште, Бислим) една апликација со QR-код.













Започна реконструкцијата на поранешните простории на Државен архив - Куманово, во склоп на Занаетчискиот дом.





Целосна реконструкција на Задружниот дом во село Пчиња преку проектот „Светлина од минатото“, кој се имплементира преку Центарот за развој на Североисточен плански регион по Програмата за прекугранична соработка со Република Бугарија, заедно со ЕУ и Министерство за локална самоуправа.







Набавка на современи и најмодерни ЛЕД екран, бина и аудио опрема во Занаетчискиот дом преку проектот „Оформување на функционална средина, регионален мултимедијален центар“ на Центарот за развој на Североисточен плански регион.



Изградба на модерен културен и спортско-рекреативен комплекс на локалитет Спомен костурница со амфитеатар, изградба на три нови спортски терени и трим патеки, поставување на опрема за вежбање и рекреирање, проект финансиран од ЕУ во соработка со Општина Куманово.



Реконструкција на спортско игралиште во Соколана, финансирано од Агенцијата за млади и спорт во соработка со Општина Куманово.





Изградба и опремување на 3 целосно нови училишни спортски сали и тоа во ООУ „Јероним Де Рада", ОСТУ „Наце Буѓони" и во објектот на СОУ „Перо Наков", каде што учат ученици на албански наставен јазик, проекти реализирани од МОН во соработка со Општина Куманово.









Реконструкција на спортските терени во општинските основни училишта „Вук Караџиќ" и „Наим Фрашери" со нова тартан подлога, голови, кошеви и трибини.



Реконструкција на игралиштето во СОУ Гимназија „Гоце Делчев" со нова тартан подлога, голови, кошеви и трибини.



Реконструкција на игралиштето во с. Долно Којнаре со нова еластична тартан подлога, а следува и обнова на трибините со локалната месна заедница.



Реконструкција на двете спортски игралишта во склоп на ОСТУ „Наце Буѓони" со нова тартан подлога, комплет голови и кошеви, трибини и заштитна ограда.

Изградба на ново професионално 3x3 кошаркарско игралиште во спортскиот комплекс кај спортската сала со Агенцијата за млади и спорт во соработка со Општина Куманово.

Поставување на нови кошаркарски табли и обрачи на спортските терени во градот во организација на КК „Куманово" и Општина Куманово.







Изградба на ново спортско игралиште за кошарка од 160m², ново детско катче од 410m² и доградба на парк од 480m² во спортско-рекреативниот комплекс кај спортската сала, проект реализиран преку Центар за развој на Североисточен плански регион.



Реконструкција на две мултиспорт игралишта, на спортските терени на локалитет Кошеви во населбата Гоце Делчев, со нова тартан подлога и заштитна ограда.



Реконструкција на игралиштето во СОУ „Перо Наков“ со нова тартан подлога, голови, кошеви и трибини.



Изградба на парк на градскиот кеј на река Липковка во близина на населба Средорек.



Уредување на викенд населба на излетничко место Студена вода во с. Добрашане.



На место на дивата депонија на влезот во населбата Перо Чичо изградено е детско игралиште со површина од 100 м2, во рамките на проектот „Чиста околина - здрава животна средина“ на Центарот за ромска заедница ДРОМ - Куманово, кој се спроведува како дел од Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан – ReLOaD, финансирана од Европската Унија, со учество на Општина Куманово.

Поставување на инклузивно игралиште со реквизити прилагодени за деца со посебни потреби на градскиот кеј, инвестиција на Амбасада на Швајцарија во Република Северна Македонија и „Ротари клуб“ – Куманово.




Поставување на лизгалиште во близина на комплексот на градскиот базен, бесплатно за користење за граѓаните во зимскиот период, во соработка со Агенција за млади и спорт.







Реконструкција и обнова на поранешниот хотел „Солун“ преку проектот „Заедничка историја и култура – Мост преку границите“, финансиран од ЕУ, преку Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија.



Реконструкција на детското катче во сокоолански парк, како дел од Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан – ReLOaD во реализација со Здружение „Креатор“, проект поддржан од УНДП и Општина Куманово.



Здруженијата „Инклузива“ и „Порака Наша“ заедно со Општина Куманово во рамките на проектот „Инклузивни партнерства на заедницата“ на Фондацијата „Чекор по чекор“, доделија донација на ООУ „Браќа Миладиновци“ инклузивно игралиште.

Реконструкција на спомен куќата на локалитет Спомен костурница преку проектот „Иницијатива за културна прекугранична размена“, имплементиран од Општина Куманово и Институт „Балкан Про Европа“.



Преку проектот „Уредување и валоризација на спортско-рекреативен еко центар Бислим“, обезбедена е разновидна спортска опрема за потребите на Центарот и тоа: 15 кајаци, рафтинг чамец, 16 велосипеди, 6 електрични велосипеди, 2 мотори на 4 тркала за спасувачките служби, реквизити за уредување и изградба на 60 стази за спортско качување и виа ферата, комплетна опрема за алпинизам, заштитна и сервис опрема, мобилна ГПС апликација и сè друго што е неопходно за непречено користење, функционирање и организирање на спортски тури и натпреварувања, за развој на авантуристички туризам во Бислимската клисура. Проектот се реализира преку Центар за развој на североисточен плански регион, а средствата се обезбедени од Швајцарската агенција за развој и Министерството за локална самоуправа на РС Македонија.



Здружение на граѓани „Динамик“ го реализираше проектот „Зголемување на туристички потенцијал преку промоција на Бислимска клисура“, мапирање на патеки и поставување на ГПС за туристи, како и промоција преку онлајн платформа, кој се спроведува како дел од Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан – ReLOaD.







# СПОРТСКИ КАПАЦИТЕТИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ - ПРЕТХОДНО И СЕГА






















# ОБРАЗОВАНИЕ

За индивидуален развој на личноста преку стекнување знаења и вештини, неопходен е квалитетен систем на образование, кој ќе им обезбеди на младите примарни искуства. Како приоритет на општественото живеење, Општина Куманово успеа да ги обезбеди потребните услови за подобрување на квалитетот на наставата во општинските основни и средни училишта, со цел континуитет во воспитно-образовниот процес и успешни ученици, со кои Куманово се гордее.

На добар пат сме да го усовршиме образованието, држејќи чекор со современиот свет и незастанувајќи пред ниту една препрека.

Во чест на 24 мај - Ден на словенските просветители Кирил и Методиј, Општина Куманово традиционално доделува награди и признанија на најдобрите ученици - првенци на генерација од сите училишта во Општините Куманово и Старо Нагоричане, како поттик да продолжат да го унапредуваат своето образование и знаење. Со почит кон секојдневното залагање и вложениот труд, Општина Куманово поставува и билборд, на кој се истакнуваат сите првенци на генерација за тековната година.

Општина Куманово во соработка со ресорното Министерство континуирано вложуваат во подобрување на условите во училиштата во Куманово.

Сите основни училишта во Куманово добија нови смарт табли, помошно-технички помагала и опрема. Набавени се 82 интерактивни смарт табли, помошно-технички помагала и опрема за спортски сали, за потребите на основните училишта во Општина Куманово.



# ОСТУ „Наце Буѓони“



Обезбедени се училишни и наставни столови и клупи.



Набавени се клима уреди за училниците.



Обезбедени се фотокопирни апарати.



Поставен е лифт и извршена е целосна адаптација на централниот објект и работилницата на училиштето за лица со попреченост.



Заменета е постоечката ограда (гелендери) на внатрешните скали.



Извршена е реконструкција на подови во училниците.



Поставена е изолација на рамен кров на училишната зграда.



Извршено е проектирање и изведба на фотонапонски централи, со поддршка на Општина Куманово.



Извршена е замена на влезната врата.



Извршен е ископ на бунар за техничка вода.



Извршена е замена на бекатон во дворот на училиштето.



Обезбедени се нагледни средства и опрема за настава за машинска струка и други реквизити.




Поставена е нова хидрантска мрежа и хидрофор.



Во тек е реализација на проект за гасификација на училишната зграда, делот со работилници и кабинети и спортската сала, финансиран од ЕУ во соработка со Општина Куманово.



Учениците од машинска струка од ОСТУ „Наце Буѓони", самостојно го уредија катчето за ученици во училиштето.



Реновирање и молерисување на училишните простории, финансирано од сопствени средства.

Изработка на нова енергетско-ефикасна фасада.

Партерно уредување на училишниот двор со бекатон и асфалтирање на пристапните патеки.

Хортикултурно уредување на училишниот двор.

Замена на прозорци на машински кабинет, на простор помеѓу главната зграда и работилницата.

Набавка и монтажа на 46 смарт табли.

Комплетно реновирање на ходниците во главниот училишен објект.

Набавка и поставување на онлајн камери, слушалки со микрофони за компјутерите во сите училници.

Набавка на 14 персонални компјутери и друга компјутерска опрема за училниците и кабинетите.

Замена на стари прозорци во училишните ходници.































Набавка на училишен мебел за сите училници, кабинети, канцеларии и мини кујна.

Замена на сите стари внатрешни врати на училниците во главна зграда и на влезната врата на објектот со работилници.

Реконструкција на кров во зградата на поранешен “ЗИК”, каде што се одвива настава на албански наставен јазик, помеѓу бараките и главната зграда и монтажа на нови олуци.

Набавка на нагледни средства и електронска опрема за настава по електротехничка струка, како и компјутерска и мрежна опрема.

Санација на училишните простории и канцеларии во главната зграда на училиштето, како и замена на врати во работилниците.

Набавка на училишна опрема и материјал и тоа: 17 магнетни табли, 20 наставнички столови, 70 училишни столови со анатомска метална конструкција и 100 седишта и наслони за столови.

Поставување на нови подни површини во мобилните училници во зградата на “ЗИК”, со настава на албански јазик.

Набавка и поставување на повеќе големи подвозни зелени пластични канти за смет и метални фиксирани корпи за отпадоци.





Целосно реновирање на ѕидовите на 15 училници, во делот на главната зграда на училиштето.

Изградба на пристап за лица со попреченост на главниот влез на ОСТУ „Наце Буѓони“.

Реновирање на простории во зградата на “ЗИК” со настава на албански јазик, замена на вратата на главниот влез на училиштето и врати на тоалетите, замена на старите прозорци со нови термопан прозорци во ходниците.

Набавка на 30 компјутери и компјутерска опрема за кабинети.

Набавка на алат и нагледни средства за електротехничката и машинската струка.

Набавка и монтажа на 16 проектори и 10 табли за изведување на ИКТ настава во секоја училница.

Набавка на 30 нови столови за наставничка канцеларија, останатите канцеларии и други административни простории.

Донација на микропроцесорски системи и додатоци преку акцијата на „Логинг Електроникс – Технологија за тебе“.

Целосно оградување на училишниот двор, на скалите на задниот влез на главната зграда и на делот со работилници.

















# СОУ Гимназија „Гоце Делчев“



Општина Куманово за потребите на СОУ Гимназија„Гоце Делчев“ обезбеди 250 клупи и 340 столови.



Извршена е набавка и монтажа на лифт за лица со попреченост.



Обезбедени се компјутери и принтери, канцелариски мебел, музичка опрема, смарт табли, проектори и сончеви завеси.



Извршена е набавка и монтажа на фото-панели за сопствено производство на електрична енергија.



Поставена е нова енергетско-ефикасна фасада на училишниот објект.



Извршена е реконструкција на кровот на училиштето.



Заменети се сите стари прозорци на објектот со нови енергетско-ефикасни ПВЦ прозорци.



Заменети се сите врати во училишниот објект.



Целосна реконструкција на училишната спортска сала во СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ со нова гумена подлога.



Реконструиран е кровот на училишната спортска сала.



Поставена е нова енергетско-ефикасна фасада на училишната спортска сала.



Инсталиран е нов систем за греење во училишната сала на СОУ Гимназија „Гоце Делчев“.



Целосно е реконструирана училишната галерија.



Набавено е и монтирано озвучување и разглас.



Реконструирани се подрумските простории, со цел уредување на нов фитнес центар и теретана за учениците на СОУ Гимназија „Гоце Делчев“.



Набавени се две машини за чистење на подни површини.



Набавени се и поставени клима уреди.



Извршено е хортикултурно уредување на училишниот двор.



Извршена е промена на атмосферската канализација.



Изработен е уникатен мурал на зградата на СОУ Гимназија „Гоце Делчев“.



СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ преку Програмата „ГЛОБЕ“ доби опрема за вршење на мерења од протоколите атмосфера и хидросфера.





Реконструкција на санитарни јазли.

Набавка на 80 поливинилски столови за ученици.

Набавка на 30 смарт табли и 5 смарт телевизори.

Набавка на кабинетски реквизити за настава по биологија, хемија, физика, географија, историја и математика.

Реконструкција на подни површини.

Набавка на компјутери за потребите на училиштето.

Набавка на кабинетски реквизити за настава по музичко образование.

Набавка на нови хемиски реагенси за кабинетот по хемија.

Набавка на 6 смарт табли.

Замена на врати на канцелариски простории.















# СОУ „Перо Наков“



Набавени се 116 компјутери за кабинети, 9 лаптопи и копир-апарат за СОУ „Перо Наков“, со поддршка на Општина Куманово.



Набавени се 100 училишни клупи за македонски и албански паралелки.



Набавени се 160 столови, 20 катедри, 28 ормани и 2 канцелариски бироа.



Набавен е гардеробер и клупи за соблекувалната.



Извршена е набавка и монтажа на 24 интерактивни табли, подвижни шкафчиња и полици и 8 клима уреди.



Извршена е замена на подни површини во училиштата.



Инсталиран е систем за парно греење во училишната спортска сала, во делот на македонските и албанските паралелки.



Извршено е партерно уредување, средување и бекатонирање во училишниот двор.



Поставена е ограда во училишниот двор.




Заменети се влезните врати на објектот.



Реновирана е училишната библиотека.



Извршена е промена на внатрешното осветлување на просториите.



Извршена е комплетна замена на старите прозорци со нови енергетско-ефикасни ПВЦ прозорци.



Преку ИПА проект обезбедени се: 23 лаптопи, 13 канцелариски маси и 23 канцелариски столови, табла-магнет, 3Д копир-апарати, преса, преносни компјутери, проектор и 23 лампи за СОУ „Перо Наков“.



Целосно се реконструираше фасадата, со помош на Општина Куманово и МОН.



Се постави внатрешна фасада и се изврши замена на прозорците во холот на училиштето, во соработка со Општина Куманово и МОН.



Набавени се и инсталирани фотоволтаици за сопствено производство на електрична енергија.



Реновиран е магацинот.



Се изврши адаптација на тоалет за ученици со попреченост во македонски паралелки.



Се поставија роло-завеси во сите училници во македонски паралелки.



Реновирани се десет тоалети.



Извршена е замена на водоводна мрежа во четиринаесет училници.



Реновирани се кабинетите за англиски јазик и дизајн во СОУ „Перо Наков“ (албански паралелки).



Молерисување на целото училиште и столарски работи во албанските паралелки – финансирано од Општина Куманово.

Набавка на 20 персонални компјутери за потребите на СОУ „Перо Наков“.



Санација на санитарни јазли во објектот на СОУ „Перо Наков“, каде што учат ученици на албански наставен јазик.



Набавка на 30 смарт табли и 1 смарт телевизор.

Поставување на 2 рампи за ученици со посебни потреби.

Лакирање и репарација на паркет во спортската сала во главниот објект на училиштето.

Целосна реконструкција на 2 училници со заменети прозорци, подни површини, систем за греење, демонтажа на ламперија и спуштени плафони.

Набавка на нови радијатори за објектот каде што учат ученици на албански наставен јазик.

Набавка на 15 принтери за потребите на училиштето.

Реконструкција на подни површини во 5 училници.



















Санација на санитарни јазли во објектот на училиштето, каде што учат ученици на македонски наставен јазик.

Замена на старите прозорци со нови ПВЦ прозорци во 14 училници, преку проект финансиран од страна на УСАИД.

Набавка на нагледни средства за кабинетска настава и спортски активности.

Набавка на 10 компјутери со софтвер за сметководство преку МОН.

Набавка на 87 ученички столови.

Замена на старите со нови радијатори во 3 училници.

Замена на старите со нови ПВЦ прозорци во 2 училници и 4 канцеларии.

Набавка на 3 интерактивни смарт табли, професионален принтер и копир-апарат.

Реновирање на 14 училници.



















Поставување на ЛЕД рефлектори во спортската сала на главниот објект на СОУ „Перо Наков“.

Изработка на нова кујна која е целосно опремена, добиени се 2 разбои, 2 машини за везење и машина за шиење, заменети се 3 ПВЦ прозорци, 3 ПВЦ врати и шалтерски прозорец, набавени се 2 катедри, 2 канцелариски стола, 50 столови и поставен е ламинат од 170m² , преку ИПА проект за социјално претприемништво.

Санација на балкони во објектот на училиштето каде што се одржува настава на албански наставен јазик, лоциран во с. Бедиње.

Набавка на 30 училишни клупи, 60 училишни и 4 канцелариски столови, 1 биро и 8 табли, реализирано преку МОН.

Замена на старите дрвени прозорци со нови ПВЦ прозорци во 3 училници.













## Гимназија „Сами Фрашери“




Започна изградба на нов училишен објект за СОУ Гимназија „Сами Фрашери“ во реализација на МОН, со поддршка на Општина Куманово.




За потребите на СОУ Гимназија „Сами Фрашери“ Општината обезбеди: 3 лаптопи и 2 смарт табли, како и 130 клупи и 260 столови.





Набавена е опрема за училници (клима уреди, монитори за компјутери, мауси), со поддршка на Општина Куманово.

Набавка на наставни материјали за сите наставни предмети во СОУ Гимназија „Сами Фрашери“.

Набавка на компјутери за следење на онлајн настава во СОУ Гимназија „Сами Фрашери“.

Поставување на интерактивни смарт табли во СОУ Гимназија „Сами Фрашери“.

Набавка и поставување на вариолајт завеси за сите училници во СОУ Гимназија „Сами Фрашери“.

Реконструкција на санитарни јазли во СОУ Гимназија „Сами Фрашери“.











# ДСУ РЦСОО „Киро Бурназ“


















Училиштето „Киро Бурназ“ од 01.01.2021 година стана државно средно училиште - Регионален центар за стручно образование и обука, каде што е предвидена целосна реконструкција на училиштето и училишните придружни објекти, со цел исполнување на стандардите за функционирање на регионални центри.

Набавени се 25 нови компјутери и 50 нови клупи.

Уредување на катче за престој на наставници во училишен двор, за време на пауза.

Уредување на катче во училишен двор за престој на ученици за време на одмор.

Поставени се ролетни на целиот објект на ДСУ РЦСОО „Киро Бурназ“.

Опремување на мултимедијален кабинет со современа наставна опрема.

Набавка на минибус за превоз на наставници и ученици, со помош на Мировни сили (Peace Corps).

Поставување на нови подни површини (ламинат) во мултимедијален кабинет и канцеларии.

Целосно обновување на кабинети по странски јазици и опремување, со помош на Мировни сили (Peace Corps).

Набавка на стручна опрема во секторот земјоделство, рибарство и ветеринарство, преку проект за развој на вештини и поддршка на иновации од МОН.

Поставување на нови врати на 5 училници со сопствени средства.

Реконструкција на подни површини во објект каде што се изведува настава на албански јазик.

## ООУ „Браќа Миладиновци“ и ООУ „Крсте Мисирков“



Извршена е реконструкција и санација на кров на централната зграда, со поддршка на МОН, а во соработка со Општина Куманово.



Инсталиран е парен вод на гас во делот на посебни паралелки, со поддршка на Општина Куманово.



Извршена е санација на плафони во училниците и ходникот на вториот кат во централното училиште и поставено е ново цокле, со поддршка на МОН, во соработка со Општина Куманово.



Поставена е нова електрична инсталација на најгорниот кат и двете крила на зградата.



Реконструкција на четири тоалети прилагодени за инклузирани ученици во редовна настава, преку проект поддржан од ЕУ и Општина Куманово.



Заменети се влезни врати, врати на училници и прозорци во централниот училишен објект.



ООУ „Браќа Миладиновци" доби донации: 4 компјутери со 4 монитори од АД „Триглав осигурување" – Скопје, 3 монитори од ДТУ „ТРИСАЈКЛ"



ДООЕЛ Скопје, опрема за сензорна соба од ДММ „Дрекселмајер Мануфактуринг Македонија ДООЕЛ" Кавадарци.



Обезбедени се 80 таблети, 4 интерактивни табли, мебел и дидактички средства и помагала за кабинети по природни науки и хемија, со поддршка на Општина Куманово и МОН.



Поставена е нова енергетско-ефикасна фасада на капацитетите во Соколана, преку Центарот за развој на Североисточен плански регион.



Преку Еразмус проект ООУ „Браќа Миладиновци" доби донација на едукативен сет, софтвер за психомоторна реедукација на деца со аутизам.



Поставен е централен систем за алтернативно греење и радијатори во објектот на ул. „Тане Георгиев".



Инсталација на гасоводна мрежа во објектот во Соколана.



Целосна санација на подрачното училиште „Браќа Миладиновци“ во с. Пчиња.



Реконструиран е кровот на училишниот објект во ПУ „Браќа Миладиновци“ – с. Пчиња.



Поставена е нова енергетско-ефикасна фасада во ПУ „Браќа Миладиновци“ – с. Пчиња.



Извршена е целосна замена на подните површини во ПУ „Браќа Миладиновци“ – с. Пчиња.



Заменети се сите стари врати и прозорци со нови ПВЦ врати и прозорци во ПУ „Браќа Миладиновци“ – с. Пчиња.



Целосно е заменета електричната инсталација во ПУ „Браќа Миладиновци“ – с. Пчиња.



Реновирани се таваните и поставено е ново ЛЕД осветлување во ПУ „Браќа Миладиновци“ – с. Пчиња.

Реконструкција на кровна конструкција на училишната зграда на ООУ „Браќа Миладиновци“ на улица„Тане Георгиев“ бб, каде што наставата се изведува за ученици со посебни образовни потреби, замена на надворешната и внатрешната столарија, дел од подот и електрична инсталација на училишниот објект на ООУ„Браќа Миладиновци“ на улица „Тане Георгиев“ бб, проект со УНДП и Швајцарска амбасада во РСМ.



Реконструкција на топловод за затоплување на централен училишен објект на ООУ„Крсте Мисирков“ и ООУ„Браќа Миладиновци“.

Инсталација на парно греење, замена на надворешна и внатрешна столарија, како и санација на дел од подните површини во ООУ „Браќа Миладиновци“ во училишен објект на улица„Тонко Димков“ бб – Соколана, преку проект поддржан од Јапонска амбасада и Општина Куманово.



Набавка на 250 училишни клупи и 500 столови со донација од Европска банка преку МОН и Општина Куманово, кои се распоредени во училници од одделенска настава во објектот на ООУ „Браќа Миладиновци“ на улица„Тонко Димков“ бб – Соколана.















Изградба и опремување на нови простории: кујна, спална, 2 занимални и тоалет, во кои е овозможена работа на целодневен престој на учениците, помош при решавање на домашните задачи, како и правилно искористување на слободно време, опремување на сензорна соба со цел подобрување на сензорниот профил на учениците, набавка на нова опрема од проектот за дневен престој на ученици со посебни образовни потреби, со кој се комплетираше започнатата доградба на веќе постоечкиот објект на ООУ „Браќа Миладиновци" на улица „Тане Георгиев" бб, во реализација на МОН, Министерство за труд и социјална политика, во соработка со Општина Куманово.

Изградба на нови тоалети за учениците во ООУ „Браќа Миладиновци" во подрачното училиште во село Студена Бара. Во соработка со родителите уреден е и училишниот двор на училиштето.













Поставување на 45 смарт дисплеј уреди во ООУ „Крсте Мисирков“ преку проектот „Смарт училница“, набавка на 3 лифткар гасеничари, за искачување на ученици со посебни потреби на вториот и третиот кат во ООУ „Крсте Мисирков“ со поддршка од Швајцарската амбасада, Министерство за локална самоуправа и Североисточен плански регион.



Инсталација на паметна градина за производство на растенија во контролирани услови преку целата година во ООУ „Крсте Мисирков“, преку проектот „Паметна градина“ поддржан од Фонд за иновации и технолошки развој.





Изградба на библиотека со фонд на книги во реонското училиште ООУ „Браќа Миладиновци“ во Соколана, обезбедување на спортски реквизити и канцелариски материјали со Фондација „Чекор по чекор“.




Обезбедување на 6 таблети како донација од Општина Куманово и еден лаптоп компјутер од Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ за социјално загрозени ученици.

# ООУ „Кочо Рацин“





Извршена е замена на столарија во кабинет за информатика.





Целосно е адаптиран и опремен кабинетот по природни науки, набавени се географски и историски карти и други нагледни средства по географија и историја со помош на МОН и Општина Куманово.



Реновирани се 2 училници во ПУ„Кочо Рацин“ – с. Биљановце.



Обезбедени се три шпорети на дрва за потребите на подрачните училишта.



ООУ „Кочо Рацин" доби донации: 5 лаптопи и 2 десктоп компјутери од „Аптив Сервисес Македонија" – Скопје, 10 десктоп компјутери, тастатури, мауси и девет монитори од непрофитабилна Организација „Донирај компјутер – Борче Стаменков".



Естетско уредување на училишна градина од страна на наставници, ученици и родители од проектот МИО во ООУ „Кочо Рацин", реализиран во соработка со ООУ „Наим Фрашери".





Извршена е реконструкција на кровот и лимовите во ПУ „Кочо Рацин" – с. Биљановце.



Реновирана е и поставена нова енергетско-ефикасна фасада во ПУ „Кочо Рацин" – с. Биљановце.

Целосна замена на кровен покривач во централното училиште ООУ „Кочо Рацин“.

Нов потпорен ѕид на влезот, изграден од страна на Општина Куманово.

Обнова на плотни во 10 училници за предметна настава и столови, во соработка со родителите на учениците.

Поставување на нова капија на спореден влез во ООУ „Кочо Рацин“, со помош на Општина Куманово.

Изградба на две надворешни и две внатрешни пристапни рампи и паркинг простор за инвалиди, заедно со „Мобилност“ – Куманово преку проектот „Сложувалка“.

Изградба на 2 тоалети за лица со инвалидитет, заедно со „Мобилност“ – Куманово преку проектот „Сложувалка“.

Асфалтирање и уредување на малото игралиште за интерактивни игри, заедно со „Мобилност“ – Куманово преку проектот „Сложувалка“.

Замена на старите со нови ПВЦ прозорци во една училница.

Поставување на електрична рампа обезбедена преку донација.



















# ООУ „Христијан Карпош“



Извршена е замена на кровната конструкција.



Поставена е енергетско-ефикасна фасада, проект финансиран од МОН, а поддржан од Општина Куманово.



Реконструирани се подрумските простории.



Извршена е замена на прозорци.



Извршена е замена на подови.



Обезбедени се осум смарт табли за образование според новата концепција и пет клима уреди во ПУ „Христијан Карпош“, нас. Иго Тричковиќ.



Реконструкција на подни површини, реконструкција на санитарни јазли во крило на одделенска настава, замена на старите прозорци со нови ПВЦ прозорци и реконструкција на кров во ООУ „Христијан Карпош", проект во реализација преку Програмата на МОН во соработка со Општина Куманово.



Реконструкција на подни површини во 5 училници во ООУ „Христијан Карпош" преку проектот „Јакнење на капацитети на локална самоуправа".



Реновирање на 3 училници во ООУ „Христијан Карпош", подрачно училиште во населбата Иго Тричковиќ.



Реновирање на хол и ходници во ООУ „Христијан Карпош".

# ООУ „Толи Зордумис“





Реконструирана е фасадата на училишниот објект, финансирано од МОН во соработка со Општина Куманово.



Во ООУ „Толи Зордумис“ во процедура е реализација на проектот за реконструкција и опремување на училишната спортската сала, проект од МОН со поддршка од Општина Куманово.



Довод на канал од градската канализациска мрежа до ООУ „Толи Зордумис“, подрачно училиште во село Режановце, кое претходно беше на септичка јама.



ООУ „Толи Зордумис“ доби донација таблети од МОН.



Направена е санација на внатрешните ѕидови на училниците во подрумскиот дел.



Набавена и поставена е пристапна рампа за лица со попреченост.

# ООУ „11 Октомври“



Реновирана е фасадата и цоклето на училишната зграда.



Направена е реконструкција на покривот на нискиот дел на училиштето и на сите олуци.



Затворени се подрумските отвори и вградени се вентилациски цевки, во рамките на проект финансиран од МОН, реализиран во соработка со Општина Куманово.



Поставен е целосно нов кров во ПУ „11 Октомври“ – с. Речица, финансирано од Совет на Општина Куманово.



Заменети се старите прозорци со нови ПВЦ прозорци во ПУ „11 Октомври“ – с. Речица.



Реновирани се подни површини, плафони и ѕидови, а извршена е и замена на внатрешните врати во ПУ „11 Октомври“ – с. Речица, со донација од „Спона“ и „Срби за Србе“.



Замена на прозорци, подни површини и санитарии во централното училиште преку проект во реализација на МОН и соработка со Општина Куманово.



Реновирање на просторијата за работа со деца со ПОП, преку проектот „Редовно на часови“.

## УОМО „Панче Пешев“

Предвидено е поставување на енергетско-ефикасна фасада на објектот на УОМО „Панче Пешев“, финансирано од Општина Куманово и УНДП.

Одобрен е проект „Справување со загадувањето на воздухот“ за поставување на нов кров на објектот.

Предвидено е поставување на енергетско-ефикасни прозорци на целиот објект на УОМО „Панче Пешев“.



## ООУ „Битолски Конгрес“ - с. Лопате



Обновени се санитарните јазли, со поддршка на Општина Куманово.



Промена на подни површини на училници во ООУ „Битолски Конгрес“ во село Лопате.

# ООУ „Вук Караџиќ“



Направена е пристапна рампа за лица со посебни потреби во ООУ „Вук Караџиќ“.



Комплетно е обновен санитарен јазол за лица со посебни потреби.



Променета е надворешната столарија во сутерен и на приземјето, со поддршка на МОН и Општина Куманово.



Поставена е влезна лизгачка порта во училишниот двор.



Обезбеден е лаптоп, пет таблети за ученици и интерактивни табли, помошно-технички помагала и опрема за спортските сали.



Одобрен проект од МОН за реконструкција на фасадата на училиштето (склучен трипартитен Договор).



Во ООУ „Вук Караџиќ“ преку проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образование“, набавена е техничка опрема и други реквизити за поддршка на активности за подобрување на демократска клима во училиштето, преку донација од УСАИД.



Набавени се камери, систем за надгледување и видео надзор, два компјутери и принтер.



Обезбедена е опрема и нагледни средства преку проект за унапредување на основно образование.



Реконструкција на тоалети во ООУ„Вук Караџиќ“ – Куманово.



Целосна реконструкција на кровот, замена на кровен покривач од азбестни плочи со пластифициран челичен лим, поставување на хоризонтални и вертикални олуци и замена на громобранска инсталација, во соработка со Амбасада на Јапонија.



Замена на старите прозорци со нови ПВЦ прозорци на 2 ката во 2017 година, во соработка со Амбасада на Јапонија, замена на останатата столарија со нови ПВЦ прозорци во 2021 година, реализирано од страна на МОН во соработка со Општина Куманово.

# ООУ „Бајрам Шабани“



Реновирани се старите јазли и тоалети во старииот објект на ООУ „Бајрам Шабани“ со поддршка од Министерство за образование и наука и Општина Куманово.



Поставена е внатрешна фасада, промена на подните површини, прозорците и вратите на две училници во стариот училишен објект на ООУ „Бајрам Шабани“, со поддршка од родителите.



Адаптација на пристап во училишниот објект и училишната спортска сала за лица со попреченост.





Реконструкција на санитарни јазли и подни површини во подрумот и на сите катови, реконструкција на фасада на задната страна на објектот на училиштето и на спортската сала, целосна замена на прозорци, реконструкција на паркетот и кровот на спортската сала, преку проект во реализација на МОН заедно со Општина Куманово.





Реконструкција на санитарни јазли и нивно адаптирање за ученици со посебни потреби на првиот и вториот кат од училиштето, поставување на лифт и влезна рампа за учениците, реализирано од МОН во соработка со Општина Куманово.

Целосно опремување и адаптирање на објектот за греење на гас во 2018 година и замена на старите прозорци со нови ПВЦ прозорци во 2019 година, во реализација на МОН и соработка со Општина Куманово.













# ООУ „Браќа Рибар“ – с. Табановце













Изградба на ново подрачно училиште на ООУ „Браќа Рибар“ во с. Костурник со донација од локално население во соработка со Општина Куманово.

Монтирање на нова училишна влезна капија во ООУ „Браќа Рибар“ во село Табановце.

Осветлување на училишните објекти на ООУ „Браќа Рибар“ во селата: Табановце, Г. Којнаре, Костурник, Сопот и Четирце.

Поврзување на санитарни јазли со вода и нивелација на дворот во ООУ „Браќа Рибар“ во с. Сопот.

Поставување на соларни фотоволтаични панели за подобра енергетска ефикасност во ООУ „Браќа Рибар“ во село Табановце.

Замена  на старата столарија со нови ПВЦ прозорци во ООУ „Браќа Рибар“, подрачно училиште во село Сопот.

Општина Куманово за ООУ „Браќа Рибар“- с. Табановце обезбеди: четири печки за затоплување, десет таблети и лаптопи, лед ТВ, бела табла, печатач, шест смарт табли и дваесет и три таблети од МОН.





## ООУ „Вера Которка“ – с. Клечовце



Набавени се интерактивни табли и нагледни средства за нова наставна концепција во ООУ „Вера Которка“ - с. Клечовце.



Обезбедени се опрема и наставни средства за природни и општествени науки, преку ПЕ-ИП-проект.

Инсталација на фотоволтаични панели во с. Клечовце, преку проектот за проектирање и изградба на фотоволтаични системи во рурални општини поддржан од ЕУ, Светска банка и Владата.

Набавка на опрема за онлајн настава во ООУ „Вера Которка“ – с. Клечовце.

Обнова на фасада, поставување на 15 нови прозорци и реконструкција на четири нови тоалети во с. Клечовце, како донација од Амбасада на Чешка.











# ООУ „Карпош“ – с. Умин Дол



Поставена е нова енергетско-ефикасна фасада во централната зграда на ООУ„Карпош“ – с. Умин Дол.



Извршена е делумна замена на столарија со ПВЦ.



Извршена е замена на кровна конструкција.



Извршено е внатрешно уредување на ѕидови и плафон, израмнување на подни површини и поставување на подлога.



Поставена е инсталација за парно греење.



Изградени се санитарни јазли за деца со попреченост, со поддршка на МОН во соработка со Општина Куманово.



Општина Куманово изврши инсталација на десет клима уреди во училиштето и на водоводен систем од простории на училиштето до подрачното училиште во с. Љубодраг.



Набавени се интерактивни табли и нагледни средства по сите предмети.



Со сопствени средства на училиштето поставени се нови влезни врати во централното и подрачното училиште и опремени се училници и канцеларии со нов инвентар.



Извршена е реконструкција на фасада во ПУ „Карпош“ – с. Љубодраг.



Поставен е нов кров и олуци во ПУ „Карпош“ – с. Љубодраг.



Поставени се нови подни површини во ПУ „Карпош“ – с. Љубодраг.



Поставени се комплетно нови ПВЦ врати и прозорци во ПУ „Карпош“ – с. Љубодраг.



Набавена е пристапна рампа, реконструирани се тоалетите и адаптирани за лица со попреченост во ПУ „Карпош“ – с. Љубодраг.



Поставени се клима уреди.



Поставени се камери за надгледување во ПУ „Карпош“ – с. Љубодраг.



Поставено е ново ЛЕД осветлување во објектот во ПУ „Карпош“ – с. Љубодраг.




Реновирани се ходниците во ПУ „Карпош“ с. Љубодраг.

# ООУ „Кирил и Методиј“ – с. Романовце



Реновирани се тоалетите во ООУ„Кирил и Методиј“ – с. Романовце.



Реновирани се надворешните скали.





Реновирана е една училница и реновирани се подните површини.



Инсталација на фотоволтаични соларни системи во ООУ „Кирил и Методиј“ – с. Романовце, преку проект на УСАИД.



Замена на прозорци во ООУ„Кирил и Методиј“ с. – Романовце преку проект на УСАИД.













Заврши реконструкцијата во ПУ „Кирил и Методиј“ – Агино село каде се постави нов кров, нова фасада, нови ПВЦ прозорци, врати и подни површини, нови санитарни јазли за деца со попреченост и пристапна рампа.

## ООУ „Магдалена Антова“



Поставени се нови енергетско-ефикасни ПВЦ прозорци во објектот на ООУ „Магдалена Антова“ – нас. Карпош.



Целосна замена на стариот кров од азбестни плочи со нов кров во населба Карпош, проект на Владата, Генерален секретаријат и Општина Куманово.

## ООУ „Наим Фрашери“



Замена на кров на целиот објект на ООУ „Наим Фрашери“, проект во реализација на МОН во соработка со Општина Куманово.

Предвидено е поставување на фотоволтаични панели на кровот на училиштето преку проектот „Справување со загадувањето на воздухот“.



Нова енергетско-ефикасна фасада на целиот објект на ООУ „Наим Фрашери“ и целосна замена на кров, проекти во реализација на МОН во соработка со Општина Куманово.

## ООУ „Јероним Де Рада“

Внатрешна реконструкција на објектот, вклучувајќи реконструкција на подни површини и замена на старите дрвени врати со нови ПВЦ врати, проект во реализација на МОН и соработка со Општина Куманово.



Санација и замена на кров со поставување на нова изолација на кровот и замена на дел од конструкцијата, проект во реализација на МОН и соработка со Општина Куманово.

Замена на старите дрвени прозорци со нови ПВЦ прозорци.



Поставување на нова изолација и фасада на надворешните ѕидови, проект реализиран од страна на МОН во соработка со Општина Куманово.









# ДЕЛ ОД УЧИЛИШТА ВО КУМАНОВО - ПРЕТХОДНО И СЕГА












# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА И ИНКЛУЗИВА

Ја развиваме социјалната заштита и инклузијата на локално ниво, согласно со нашите надлежности и предвидениот работен план и програма. Се залагаме за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, како и зајакнување на граѓанските капацитети за пристојно секојдневие, развивајќи разнолика палета од социјални и социо-образовни услуги, скроени по мерка на корисниците, врз основа на извршеното мапирање во Социјалниот план на Општина Куманово.

Општината спроведува и низа локални активности и социјални мерки за подобрување на општата состојба на граѓаните, со финансиски средства обезбедени од буџетот на Општина Куманово, како и други извори на финансирање и тоа:

- Субвенционирање на трошоци за комунални услуги - вода за пиење и изнесување на смет, наменет за самохрани родители, стечајни работници, згрижувачки семејства, лица кои до 18 години имале статус на дете без родители и без родителска грижа, надоместок за лица со попреченост и лица корисници на правото на социјална сигурност на старите лица. Оваа мерка се реализира во период од 2022 – 2025 година.

- Мерката Обезбедување на помош за домување на материјално и станбено необезбедени лица, која се реализира во период од 2022 – 2025 година, опфаќа корисници на гарантирана минимална помош (ГМП) преку субвенционирање на трошоци за комунални услуги а од 2023 година опфаќа и субвенционирање на трошоци за кирија.
- Општина Куманово ја зголемува и продолжува мерката Остварување на право на народна кујна, топол оброк за ранливи категории на граѓани, чија бројка изнесува околу сто и деведесет корисници.
- Субвенционирање на трошоци за јавен градски и меѓуградски превоз за 2022 година, мерка која беше наменета за примателите на пензија до 11000 денари, кои се наоѓаат под социјален ризик.
- Мерката Еднократна парична помош или помош во натура, која се реализира во период од 2022 до 2025 година, подразбира обезбедување на средства неопходни за минимална егзистенција на корисникот и семејството. Оваа мерка е наменета за лица од социјален ризик, лица со потреба од подолго лекување или оперативен зафат во земјава или странство, поради смрт на член на семејството, епидемија или болест и социјално и материјално необезбедени лица, кои имаат приход до 15000 денари.
- Обезбедување на социјални услуги преку Програмата „Општинско корисна работа“ реализирана во период од 2022 до 2025 година, која опфаќа обезбедување на асистирана помош и поддршка на ученици со попреченост вклучени во редовното средно инклузивно образование, преку ангажирање на образовни асистенти. Ја потенцираме и услугата  Информирање и упатување со акцент на ризичните катего-



рии на граѓани, за правата од областа на социјална и здравствена заштита и расположливите социјални и здравствени услуги, првична проценка и упатување до други институции, со цел непречен пристап до правата и услугите.

- Континуирано продолжување со реализација на проектот „Инклузија на деца Роми“ во ЈОУ Детска градинка „Ангел Шајче“ - Куманово, во период од 2022 до 2025 година. Целта на овој проект е зголемување на бројот на децата - Роми во јавните општински установи - детски градинки, надминување на стереотипите и предрасудите во детските градинки, подобрување на социјалните вештини и знаењето на македонскиот јазик на децата – Роми, кои ќе ја посетуваат градинката, како и поддршка и овозможување на раниот детски развој.
- Продолжување со активностите на мултидисциплинарниот тим за постапување со деца на улица во Општина Куманово.
- Финансиска поддршка, која се доделува на здруженија за вршење на работи од социјална заштита и други правни лица.
- Продолжување со имплементација на Социјалниот план и изработка на нова стратегија со долгорочни импликации, во период од 2023 – 2026 година, изработен од Одделение за социјална заштита, заштита на децата и социјална заштита.
- Организирање на превентивни кампањи, трибини, работилници, проекти, фокус групи, како и промотивен материјал за подигнување на јавната свест на граѓаните од областа на социјална и детска заштита.

**Во изминатите четири години се работеше на повеќе проекти за подобрување на условите за живот на граѓаните**:

- Општина Куманово за учебната 2024/2025 година обезбеди бесплатно пливање за над илјада и сто основци и средношколци преку проектот „Субвенционирани наставни и вонnаставни пливачки активности“, со теоретски предавања и практичен приказ на вежби за вклучување на ученици со попреченост во затворениот градски базен.
- За социјална инклузија на корисниците на Дневните центри за лица со посебни потреби и подобрување на социјалните услуги преку подобрување на нивниот транспорт, набавено е специјализирано комби возило со пристапна рампа и место за инвалидска количка „Transit Kombi L2 H1“, преку Центарот за развој на Североисточниот плански регион.



Топол оброк за ранливи категории на граѓани



Субвенционирање на трошоци за јавен градски и меѓуградски превоз

- „Порака Наша“ доби машини за печатење и репроматеријали, кои ќе се користат за изработка и продажба на производи, овозможувајќи осамостојување и независно функционирање на овие лица како составен дел на секое демократско општество, преку новата социјална услуга, а промовиран беше и проектот „Зборувај тивко, делувај гласно“ на Општина Куманово и „Порака Наша“.
- Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост „Порака Наша“ во партнерство со ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“ беа носители на проектот за домашна посета, помош и поддршка на стари лица и лица со попреченост во нивните домови.
- Субвенционирање на семејства кои имаат запишано ученик во прво одделение во учебната 2023/2024 година во општинските основни училишта.
- „Жените пчелари како двигатели на позитивни промени во РС Македонија“ – проект за развој на органско пчеларство.
- Проект „Спортски можности за сите“ наменет за лица со попреченост од различни возрасни категории, преку соработка на Центар за лица со попреченост и училиштата.
- „Жени за одржлив економски развој преку рурален туризам“ е проект кој овозможува нови вработувања и остварување дополнителен приход на руралното население.
- Преку проектот „Планинарска инфраструктура основа за туризам и здрави навики“ уредени се 30 км планинарски патеки, со услови за адреналински туризам.
- Повластено користење на паркинг услуги за лицата со попреченост на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање со кои стопанисува ЈП „Куманово паркинг“.
- Продолжува да функционира Советувалиште за жртви на родово и семејно базирано насилство преку проектот „Комфор зона за жени“, во рамки на Програма финансирана од ЕУ, спроведена од Општина Куманово и УНДП.













- Општина Куманово и Регионалната занаетчиска комора потпишаа Договор за субвенционирање на стари занаети, со цел да се спречи нивното изумирање.
- Општина Куманово беше дел од проектот „Развој на локални стратегии за превенција и спротивставување на насилен екстремизам“ за подобрување на социо-економската вклученост и услуги.



- Делегирана надлежност од страна на Општина Куманово кон овластени даватели на социјални услуги утврдени од страна на Министерството за труд и социјална политика, како и здруженија, други правни и физички лица кои добиле дозвола за вршење на работи од социјална заштита.

**Обезбедени средства од буџетот на Општина Куманово преку Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести:**

- Кампања „Биди Храбра, направи Прав избор, Вакцинирај се!“ организирана од општинска организација Црвен крст Куманово
- Кампања „Едуцирај, Информирај, Превенирај!“ организирана од општинска организација Црвен крст Куманово
- Кампања „Твоето здравје е во твои раце – провери се денес“, организирана од Центар за ромска заедница „ДРОМ“ – Куманово
- Кампања „Вакцинирани деца-мудро родителство“, организирана од Центар за ромска заедница „ДРОМ“ – Куманово
- Кампања „Делуваме денеска, да промениме утре“ организирана од Здружение на дијабетичари на Општина Куманово





На Меѓународниот ден на лицата со попреченост се отвори инклузивното игралиште со рекреативно-рехабилитациона опрема за ученици со попреченост инклузирани во редовна настава, во ООУ „Браќа Миладиновци“.



Отворена е сензорна соба во ООУ „Кочо Рацин“- Куманово во рамки на проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“.



Отворена е сензорна соба во ООУ „11 Октомври” преку проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“.





ООУ „Бајрам Шабани“ - Куманово доби сензорна соба преку проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“ преку проектот, финансиран од Европската Унија преку Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, во партнерство со Здружението „Инклузива“ – Куманово и „Ханди мак“ - Тетово.

**Обезбедени средства од буџетот на Општина Куманово преку Програма за развој на социјална заштита во Општина Куманово**:

- Кампања „Сликај од срце“, организирана од Здружение за промовирање на современи практики и образование „ВОЕЦ“ – Куманово
- Кампања „Не прифаќај нешто што е непознато“ организирана од Хуманитарно здружение „Мајка“ Куманово











Во рамки на Програмата за одбележувањето на 3 Декември – Меѓународен ден на лица со попреченост, во ООУ „Браќа Миладиновци“ – Куманово беше организиран продажен базар на рачни изработки, изработени од ученици со попреченост, во соработка со нивните соученици и родители. Собраните средства од базарот беа наменети за потребите на учениците со попреченост.



**Во мандатот во период 2017 - 2021 година се реализираа низа активности и мерки и тоа:**

- Општина Куманово ја реализираше Програмата „Општинско корисна работа", преку проектите „Продолжено моќно образовно партнерство", „Локална прегратка 1 и 2" и „Моќта на децата" со издвојување на финансиски средства, дел од оперативниот план за вработување и услуги на пазарот на труд. Се ангажираа вкупно 80 невработени лица во улога на образовни асистенти на ученици со пречки во развој вклучени во редовниот образовен процес и ментори во Центри за лица со интелектуална попреченост; асистенти за стари лица за помош и поддршка во домашни услови.

- Од буџетот на Општина Куманово во 2018 година издвоени се средства за субвенционирање на трошоци за комунални услуги и јавен градски превоз наменет за: стечајни работници, самохрани родители, слепи лица, приматели на постојана парична помош и приматели на социјална парична помош. Во период од 2019 до 2020 година мерката Субвенционирање на трошоци за комунални услуги е наменета за самохрани родители и стечајни работници, а во 2021 година мерката дополнително ги опфаќа и згрижувачките семејства, деца без родители, корисници на социјална сигурност на стари лица, потполно слепи лица и потполно глуви лица, како и деца со најтежок степен на оштетување на видот, слухот или говорот. Мерката еднократна парична помош или помош во натура се реализира во период од 2018 – 2021 година и е наменета за лица во положба од социјален ризик заради: потреба од оперативен зафат, подолго лекување во здравствена установа, смрт на член на семејство и социјално и материјално необезбедени лица. Оваа мерка е целосно финансирана од буџетот на Општина Куманово.

- Проектот „Инклузија на деца Роми" се реализира од 2018 до 2021 година и опфаќа зголемување на бројот на децата Роми вклучени во ЈОУ Детска градинка „Ангел

Шајче“ - Куманово, има за цел надминување на стереотипите и предрасудите во градинките, подобрување на социјалните вештини и знаење и поддршка и овозможување на ран детски развој. Трошоците за оваа мерка се пропорционално покриени од страна на МТСП, Ромски едукативен центар, ЈОУДГ „Ангел Шајче“ и Општина Куманово.

- Мерката, Обезбедување на помош за домување на материјално и станбено необезбедени лица, која е активна во 2021 година, опфаќа субвенционирање на трошоци за комунални услуги на корисници на ГМП (гарантирана минимална помош) и е целосно финансирана од буџетот на Општината.

- Пензионерите во Куманово со примања до 11.000 денари, добија субвенциониран јавен градски превоз за пензионери, мерка која ќе се спроведува преку Здружението на пензионери на град Куманово, а беше изгласана од страна на Советот на Општина Куманово во 2021 година.













- Општина Куманово има делегирана надлежност за делумно финансиско покривање на функционирањето на Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост„Порака Наша"- Куманово, кој врши вонинституционални услуги за социјална заштита на лица со интелектуална попреченост во Општината. Мерката е целосно финансирана од буџетот на Општината, во период од 2018 до 2021 година.

- Проектот, „Социјални права за ранливи групи" СоРи, на Општинскиот центар за социјални услуги е поддржан од страна на германското друштво за интернационална соработка ГИЗ и опфаќа: информативно-едукативна и советодавна помош на граѓаните; институционално и теренско мапирање на социјални услуги и проблеми на граѓаните; организирање кампањи за подигнување на јавната свест на граѓаните од одредени социјално патолошки појави во општеството; организирање театарска претстава за спречување на врсничко насилство и злоупотреба на социјалните мрежи, како и намалување на дискриминација по сите основи; обуки за унапредување и градење на капацитетите и компетенциите на вработените. Проектот „Засади живот за живот", финансиран од буџетот на Општината се реализираше во 2018, 2019 и 2021 година и опфаќа доделување на садница за секое новороденче на територија на Општина Куманово, со цел преземање на позитивни мерки за пошумување и раззеленување на слободните површини во градот и околината, како и намалување на штетните последици од аерозагадувањето.

- Активноста Помош во натура на социјално загрозени лица/семејства погодени од светската пандемија со КОВИД-19, опфаќа доделување на социјални пакети на социјално ранливите категории на граѓани погодени со кризата и тоа: приматели на ГМП, корисници на право на социјална сигурност на стари лица, стечајни работници, самохрани родители и други социјално ранливи категории со ниски приходи, како и помош во натура на граѓаните во руралните средини на територија на Општина Старо Нагоричане преку меѓуопштинска соработка. Мерката е целосно финансирана од буџетот на Општината, а опфаќа и 24-часовна достапност на општинската администрација и ОШЗС на отворените телефонски линии за потребите на граѓаните на Општината.



# ЈОУ ДЕТСКА ГРАДИНКА "АНГЕЛ ШАЈЧЕ"

Со поддршка од Министерството за труд и социјална политика извршена е замена на стара столарија со ПВЦ прозорци и врати во објектите „Развигорче" и „Бубамара", обезбедени се детски постелнини, играчки и дидактички материјал, работна облека и обувки.

Со сопствени средства и средства од Министерството за труд и социјална политика извршено е тековно одржување објектите и на електрични апарати и парното греење.

Со сопствени средства се одржува хардвер на компјутери, се извршува поправка на печатачи и на инсталиран програм за книговодство, персонални компјутери, клима уреди, а набавена е и кујнска опрема за објектот „Синоличка".

Поставен е нов систем за греење во објектот „Пчелка" на ЈОУ Детска градинка „Ангел Шајче".

Презентирани активности од програмата „Социјална кохезија и културен дијалог" во Детската градинка „Ангел Шајче".





Пуштен е во употреба новиот објект „Детелинка“, дел од ЈОУ Детска градинка „Ангел Шајче“ - сместен во просториите на некогашниот Дом на пионери, во центарот на градот.

Во објектот „Синоличка“, кој е составен дел на Јавната општинска установа Детска градинка „Ангел Шајче“ - Куманово е завршена изградбата и опремување на нови капацитети.

























# КОВИД-19 КРИЗА

Од појавата на КОВИД-19 и прогласување на вонредната состојба, најдобро може да се види важноста на улогата на локалната самоуправа и нејзините тела во превенцијата и спречување на епидемијата.

Во справување со кризите, Општината е организирана така што постои и функционира Општинскиот штаб за заштита и спасување, формиран со Одлука на Совет на Општина Куманово, според Законот за заштита и спасување. Со Општинскиот штаб раководи командант на Штаб, началник на Штаб и помошници на началник, а присуствуваат и претставници од други институции како што се: РЦУК Куманово, ПОЗС-ДЗС Куманово, СВР Куманово, ЈЗУ Општа болница Куманово, ЈЗУ Здравствен дом Куманово, ЦЈЗ Куманово, ЈП „Водовод", ЈП „Чистота и зеленило", АРСМ, Црвен крст, ТППЕ Куманово и претставници од Совет на Општина Куманово и други лица.



Со појавата на прв случај на заболен од КОВИД-19 во Република Северна Македонија, Општинскиот штаб за заштита и спасување започна со интензивни работни состаноци и делување. Од самиот почеток на кризата со КОВИД-19 досега се одржани 87 работни состаноци, на кои се донесени значајни препораки, предлози и мерки за превенција и заштита.

Во овој период на пандемијата екипите на ЈП „Чистота и зеленило", ТППЕ Куманово и другите јавни служби покажаа исклучителна подготвеност делувајќи со ОШЗС, вршејќи континуирана дезинфекција на јавните простори и површини, влезовите во зградите, улиците, во кругот на ЈЗУ Општа болница Куманово и други активности во функција на превенција на ширење на вирусот.

За истакнување е и високото ниво на општествена одговорност кај повеќе компании, коишто излегоа во пресрет со обезбедување на различни донации за ранливите категории на граѓани. Во продолжение се издвоени дел од активностите, што локалната самоуправа и ОШЗС ги преземаат во процесот на превенција од КОВИД–19.

Обезбедување и дистрибуција на повеќе од 5000 пакети со прехранбени производи, средства за хигиена и дезинфекција, на социјално најзагрозени граѓани на Општината.

Дистрибуција на над 80.000 заштитни маски за граѓаните и институциите во Куманово, преку членовите на ОШЗС, редарските служби и инкасаторите на ЈП „Чистота и зеленило“, од кои 25.000 маски набавени од сопствени средства на Општината и 55.000 донација од општествено одговорни компании и Дирекцијата за заштита и спасување.

Дезинфекција на јавни површини, јавни простори и објекти, институции, училишта и градинки.

Дезинфекција на заеднички простории и опрема во објекти за колективно домување.

Ослободување на угостителски објекти од плаќање на надомест (комунална такса) за користење на јавен простор и поставување на урбана опрема, намалување на фирмарината за компаниите од 6000 денари на 4000 денари и ослободување на родителите од надоместок за градинка за децата.

Набавка на дополнителен број на механички и моторни пумпи за вршење интензивна дезинфекција во градот на затворен и отворен простор.













Аеросолизација и дезинфекција со атомизери.



Отворање на донаторска сметка за донации.



Дезинфекција на кампот за мигранти во с. Табановце.



Дезинфекција на урбана опрема.



Дезинфекција во кругот на ЈЗУ Општа болница – Куманово.



На барање на ОШЗС Куманово тимот на АБХО единицата од Армијата е вклучен во дезинфекција на банките, поштата и други установи, кои имаат зголемен проток на граѓани во период кога се врши исплата на пензии и социјална помош.



Поставување на тунели за дезинфекција на лица на дел од влезовите во ЈЗУ Општа болница –Куманово.



Поставување на средства за дезинфекција на обувки, раце и лица за мерење на телесна температура на влезови во институциите.



Воведување на редарска служба пред банките и други институции каде се јавува потреба и обележување на простор за растојание.



Редуцирање на јавниот превоз, а потоа и целосно укинување на јавниот превоз во Општината во критичниот период.



Дезинфекција на верските објекти во Куманово.



Формирање на тимови за асистенција на ранливи категории на жители.




Навремено информирање на јавноста преку официјалната веб-страница на Општината, преку прес-конференции и соопштенија за преземање на сите активности и важни информации во време на Ковид кризата.




Воведување на телефонски линии за пријавување на граѓани за донација на хуманитарни пакети, контакт со ОШЗС и пријавување на посебен режим за движење на земјоделци, за време на полицискиот час.




Затворање на сите детски катчиња и игралишта, по нивна целосна дезинфекција.



Поставување на пунктови за дезинфекција на возила на повеќе места во градот.

Издвојување на дополнителни средства од буџетот на Општината за обезбедување на средства за дезинфекција, хуманитарни пакети, опрема и заштитни средства.

Набавка на нов трактор со атомизер за аеросолизација и дезинфекција,кој е даден на располагање на ЈП„Чистота и зеленило"- Куманово.





Обезбедување и достава на пакети со заштитни маски, средства за дезинфекција и заштитни одела наменети за приватните здравствени установи во Куманово.



Вклучување на волонтери од Општина Куманово и Јавните претпријатија во испомош при транспорт на боци со кислород во модуларна Ковид болница.





Изградба на модуларен Ковид центар во кругот на ЈЗУ Општа болница Куманово. Во оваа инвестиција на Владата и Министерството за здравство, Општината учествува со градежни зафати за расчистување и подготовка на теренот, уривање на старите објекти, инсталација на дотур на вода, приклучок на фекален колектор и гасификација.



Оформување на регионалниот пункт за имунизација во училишната спортска сала на СОУ „Перо Наков“ во населбата Бедиње од страна на Општина Куманово, Министерство за здравство и волонтери на Црвен крст Куманово.









# ЖИВОТНА СРЕДИНА, ХИГИЕНА И РАЗЗЕЛЕНУВАЊЕ

Континуирано се бориме за здрава и чиста животна средина каде што ќе функционираат совесни граѓани, кои го почитуваат колективното здравје. Се трудиме да ги одржуваме зелените површини, создавајќи повисоко ниво на хигиена во еколошка животна околина. Ангажманот околу намалување на загадувањето и чист воздух бараат секојдневна посветеност, преку бројни еколошки акции со пошумување и чистење, кои ќе му го дадат посакуваниот лик на наше Куманово.

Да се трудиме да го сочуваме природното богатство на нашиот град, како пример за новите генерации, кои треба да знаат што е совест и одговорност.

Во рамки на работата на Сектор за комунални работи, инфраструктура и сообраќај и заштита на животната средина и природата и Одделението за заштита на животната средина и природата се спроведуваат низа активности и проекти за заштита на животната средина.



Во градски парк се спроведе акција за садење на дрвја во рамки на проектот „ЕУ за чист воздух“, во соработка со УНОПС. Преку овој проект предвидено е да се засадат вкупно 1815 дрвја низ целото градско подрачје.



Општина Куманово во соработка со колективен постапувач за отпад „Нула отпад“, спроведе активност за поставување на 40 садови за електричен и електронски отпад во сите училишта и јавни институции на територија на Општина Куманово.



Градскиот кеј е збогатен со 16 нови ГЕНЕРАЛКА канти за отпад, во соработка со Невладината организација „СОН“ од Белгија. Дополнително беше исчистено и речното корито на градскиот кеј.



Општина Куманово спроведе акција за собирање на електричен и електронски отпад на повеќе локации.

Субвенционирање на клима уреди во согласност со Програмата за субвенционирање на граѓаните за набавка на високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување за 2025 година. Целта на оваа мерка е да се стимулираат домаќинствата за употреба на вакви уреди за затоплување на своите домови бидејќи се поекономични, енергетски поефикасни и еколошки прифатливи за животната околина.





Во организација на „Man and Mountain", а во соработка со Општина Куманово и општинските училишта, пет години по ред се спроведува „Генералка викенд" акција.



Општина Куманово учествуваше во акцијата „Генералка викенд" во 2022 година со расчистување на смет од јавните површини, по што се засадија 434 садници, со што се формираше Сончева гора.






Изработен е план за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух за Општина Куманово, плански документ чија изработка произлегува од законската регулатива за квалитет на амбиенталниот воздух и истовремено претставува еден од првите чекори во насока на преземање на активности за подобрување на квалитетот на воздухот.

Во согласност со Програмата на Одделението за животна средина, поставени се шест мерни станици за квалитетот на воздухот и три комуникациски станици, кои ги поврзуваат истите. Самите мерни станици се со мерни инструменти за мерење на ПМ10 честички, ПМ2.5 честички, азот диоксид, јаглерод моноксид, сулфур диоксид, брзина на ветар, температура, атмосферски притисок, влажност, а за првпат се мери и бучава во градската средина. Овие мерни станици се според европските стандарди за квалитет на воздух и сензорите се од познати светски производители сертифицирани во Европа, кои даваат најголема точност во мерењата.

Со овие мерни станици може да се следи загадувањето на дневна основа и полесно може да се констатира од каде доаѓа изворот на загадувањето.

Граѓаните резултатите од измерените вредности може да ги следат во секое време на следната веб-страница www.ekodata.live и на самата веб-страница на Општина Куманово.



Континуирано чистење на речните корита на реките Липковка, Којнарка и Кумановка, во согласност со Програмата за работа на Одделението за животна средина.



Редовни хемиски третмани против лазечки инсекти, дератизација против глодари во канализациски мрежи, дезинсекција против крлежи, ларвицидна и терестичка дезинсекција и авиотретирање против комарци.



Масовна акција за пошумување на Спомен костурница, одбележувајќи го 5 Декември - Светскиот ден на волонтерството, организирана од Општина Куманово во соработка со ЈП „Чистота и зеленило", каде се засадија околу 3.000 садници бел бор, со цел подигнување на јавната свест за зачувување на здрава животна средина.



Акција за масовно пошумување во организација на Општина Куманово и ЈП„Чистота и зеленило" во соработка со АРМ и ТППЕ Куманово.

**Изработен ЛЕАП – Локален еколошки акционен план, кој е поставен на веб-страница на Општина Куманово.**



Општина Куманово врши субвенционирање на приклучок на гас.




Одделението за животна средина организираше бројни работилници, со цел подигање на јавната свест преку кампањата „Куманово мој зелен дом", со која се опфатени сите старосни групи преку делење на флаери за заштита на вода, почва и заштита од бучава, како и справување со отпад на ефикасен начин.




## Здрави навики за чиста животна средина: Кумановчани собраа 247.218 парчиња отпад преку Повратните вендинг машини на "Пакомак"

Одделението за животна средина во соработка со „Пакомак", предвиде акција „Паметно управување со отпад". Предвидено е да се постават пет вендинг машини за пластични шишиња. Општина Куманово надоместува 0.5 денари по шише, а граѓаните преку апликацијата „Пакомак" можат да одлучат како да ги искористат стекнатите средства.



По предложена иницијатива, а во организација на службеникот за млади во Општина Куманово, заедно со Здравствен дом и ЈП „Чистота и зеленило" од Куманово, се спроведе акција за чистење и уредување на амбулантата во населба Гоце Делчев. Во акцијата зедоа учество активисти и членови на Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување „Хера", Младински центар „Сакам да знам", млади членови на Советот и волонтери. Заедничката акција опфати чистење на смет и уредување на зеленилото, како и бојадисување на оградата на скалите и на фасадата.




Претставници од Општина Куманово заедно со“Аутомакедонија”ги посетија основните и средните училишта, каде што со училишните еко-тимови споделија информации и едукативни материјали за заштита и зачувување на животната средина. Беше презентиран електричен екоавтобус, со осврт на значењето на еколошкиот транспорт како значајна алка во зачувување на животната средина. По завршување на посетата на училиштата, сите екипи заедно со учениците со електричниот екоавтобус се упатија на локалитет Спомен костурница, каде што беше реализирана акција за пошумување во соработка со ЈП„Чистота и зеленило“.

Преку проектот „Справување со загадувањето на воздухот“, дел од програмската рамка на УНДП, заедно со Одделение и Инспекторат за животна средина, за првпат се спроведоа целогодишни испитувања за потеклото на загадувањето на воздухот во Општина Куманово, по критериуми на Светската здравствена организација. Општина Куманово во текот на 2025 година ги спроведува најсоодветните мерки против загадувањето на воздухот.



По повод Ден на екологијата, претставници од Секторот за комунални работи, инфраструктура и сообраќај и заштита на животната средина и природата при Општина Куманово, поделија едукативни флаери и материјали за заштита и зачувување на животната средина во СОУ Гимназија “Гоце Делчев”. Под мотото„Заедно за почист и поубав град“ успешно се спроведе уште една активност, во рамки на еколошката кампања„Куманово мој зелен дом“ на Општина Куманово.




Општина Куманово во соработка со ГИЗ изработи нов Акциски план за климатски промени и енергетска ефикасност – SECAP.



Еко акција по повод 21 Март - Ден на пролетта и екологија, со ученици од основни и средни училишта и ЈП „Чистота и зеленило".



Со акција за чистење на локалитетот Спомен костурница беше одбележан Интернационалниот ден на животната средина – 5 Јуни.

# ЈП „Чистота и зеленило"

На територија на Општина Куманово за хигиена и за раззеленување на градот, како и собирање и транспорт на комунален отпад се грижи ЈП „Чистота и зеленило" преку повеќе активности, реализирани според утврден план и динамика на работа.

Во мандатот 2021 - 2025 година реализирани се низа активности и проекти помеѓу кои ги издвојуваме активностите во продолжение.



Во период од 2021-2025 година поставени се 134 полуподземни контејнери на повеќе локации во градот, како и 3049 стандардни контејнери.



Се врши метење на асфалтни патеки до седумдесет пати во годината и секојдневно метење на централното градско подрачје, како и метење со автометлачка на булевари, плоштади и на автобуски проширувања од три до четири месеци во годината, во зависност од временските услови.



Перење на градскиот плоштад и јавно-прометни површини низ градот и во приградските населби со цистерни за вода, од осумдесет до сто и дваесет пати годишно, во зависност од временските услови. Исто така, екипите на ЈП „Чистота и зеленило“ вршат утринско перење на плоштадите и ноќно перење на улиците.



Расчистување на снегот во зимскиот период од пешачките патеки и тротоарите и прскање со средство против подмрзнување во пешачките зони и фреквентните локации на влезовите од значајни институции и објекти.




Јавното претпријатие „Чистота и зеленило“, во соработка со Општина Куманово, организираше акција за собирање на електричен и електронски отпад на три локации во Куманово.



Аеросолизација во централното градско подрачје како мерка против загадувањето на воздухот.



Набавено е возило за смет за интервенции во тесни улици за ЈП „Чистота и зеленило“, како и алат, преку Центарот за развој на Североисточен плански регион.



Поставена е нова урбана опрема, клупи и канти на градскиот кеј, градските плоштади, во градскиот парк, соколанскиот парк и низ централното градско подрачје.



Засадени се дрвореди во близина на градскиот базен, градскиот парк и кеј, кружниот тек на булевар „Трета МУБ“ и улиците „Гоце Делчев“ и „11 Октомври“. Извршено е масовно пошумување на локалитет Спомен костурница, Даштев рид, с. Горно Којнаре, локалитет Студена вода.





Организирани се повеќе акции за чистење со Армијата, Здружението „Акцијаши“ и Граѓанската иницијатива „Не биди ѓубре“. Се расчистуваа градскиот кеј, локалитет Стаклопан, Спомен костурница, с. Бедиње, улиците „Никшиќка“ и „Титова Митровачка“ и дивата депонија на влез од населба Перо Чичо.



Се уредуваат и одржуваат зелените површини во централното градско подрачје, градскиот и соколанскиот парк, градскиот кеј, локалитет К4, кружните текови во градот, Спомен костурница, паркот кај градскиот базен, локации Кошеви, Жмара и Мај маркет, на раскрсниците од влезовите во Куманово од Скопје и с. Добрашане.

Нов дрворед и хортикултурно уредување на градскиот плоштад во Куманово.



Набавени се нови возила наменети за ЈП „Чистота и зеленило“: камион за собирање смет, камион со кран за подигање на големи корпи и трактор со приколка.

Набавени материјали, реквизити и дополнителна опрема за модернизација: моторни пили, тримери и телескоп, алати, контејнери и полуподземни контејнери и потрошна опрема за зеленило.



Поставени се нови контејнери во градското подрачје и приградските населби, како и во селата: Черкези, Лопате, Љубодраг, Ново село, Умин Дол, Сопот, Воиновиќ, Костурник, Агино село, Режановце, Пчиња, Биљановце, Студена Бара. Поставени се полуподземни контејнери на 13 нови локации: бул. „Октомвриска револуција“, зад зградите кај поранешен Мај Маркет, на улиците „Пиринска“ и „11 Октомври“.




Обележување на хоризонтална сигнализација на јавно-прометни површини, пешачки премини и сообраќајници.




Поставени се 11 нови контејнери за стакло.



Засадени се над 4000 садници на градскиот кеј, Спомен костурница, Студена вода, соколански парк и спроти градскиот базен.





Се расчистуваа диви депонии на повеќе локации: на улиците „Васил Драгомански“, „Железничка“, „Никшиќка“, „Титова Митровачка“, „Гоце Делчев“, „Никола Тесла“, „620“, „Вараждинска“, „Б.Б. Гуцман“, „Пионерска“, „Србо Томовиќ“, „4 Јули“, „Страшко Арсов“, „Анѓа Ранковиќ“, „Веселин Маслеша“ (над железничка пруга), „6 Април“ – лок. Стари лозја, во нас. Карпош, во близина на автобуска станица, на влезот од градот во близина на бензинска пумпа „Макпетрол“, на Пчински пат, на пат кон црквата „Св. Архангел Михаил“, кај поранешен хотел „Кристал“, лок. Митев мост, Диво населје, нас. Јане Сандански, нас. Средорек, с. Табановце, с. Добрашане и поголем број на помали диви депонии, како и собирање на кабаст отпад оставен покрај контејнери и на улици.

ЈП „Чистота и зеленило“ во соработка со месното население изврши акција за масовно пошумување на зимзелени садници на локација во близина на с. Долно Којнаре.

**Во раззеленување на градот засадени се вкупно 10.806 садници во период од 2021 година до 2025 година во повеќе акции на различни локации во Куманово.**







Во мандатот 2017 - 2021 година реализирани се низа активности и проекти помеѓу кои ги издвојуваме активностите во продолжение.


ПРЕТХОДНО


СЕГА

Покрај редовно одржување на хигиена во градот, во овој период расчистени се 104 диви депонии на територија на целата Општина, од кои издвојуваме: утовар и изнесување на отпад од дива депонија на локалитет Туш вкупно 20 пати, од локалитет Орхидеја 17 пати, од локалитет Спомен костурница 17 пати, од диви депонии во село Проевце 12 пати, од диви депонии во населба Тоде Мендол 12 пати, од диви депонии во село Добрашане 4 пати, од локалитет Митев мост 10 пати, од диви депонии на Пчински пат 6 пати, од диви депонии на улица „Никола Тесла" 7 пати, од локалитет под Спомен костурница 5 пати (складиште), од диви депонии во населба Јане Сандански 4 пати и од локалитет Војнички пат вкупно 2 пати, од диви депонии на сточниот пазар во село Долно Којнаре, како и други локации.












Редовно се врши чистење на дел од речните корита на реките Којнарка, Липковка и Кумановка и други диви депонии на територија на Општина Куманово.

Во акциите за расчистување на дивите депонии и раззеленување на градот постои активна соработка со Армијата, невладиниот сектор, граѓанските иницијативи, општествено одговорните компании и различни други субјекти, со кои изминатите години реализиравме многу заеднички еко акции, од кои издвојуваме неколку во продолжение.

Со „Кумановски акцијаши“ заедно ги расчиствме дивите депонии на локалитетите Спомен костурница, Стаклопан, Туш, Орхидеја, Кошеви во населба Гоце Делчев, локации во село Бедиње и улиците „Никшиќка“ и „Титова Митровачка“.







Во соработка со Граѓанска иницијатива „Не биди ѓубре“ организиравме акции за чистење во централното градско подрачје, на градскиот кеј, во с. Проевце и на други локации.



Со извидничкиот одред „Скаут“ спроведовме работна акција на локација Спомен костурница, каде засадивме 500 садници и ги расчиствиме дивите депонии.



Во 3 работни еко акции со„Кумановските акцијаши“, волонтери од„Црвен Крст“ Куманово, Здружение на армиски и полициски ветерани„ЗАПВАРС“ и ЈП„Чистота и зеленило” засадени се околу 3000 садници.

Заедно со„Ротари клуб“ – Куманово се организираше акција за чистење на градскиот кеј.



Во пролетните акции за раззеленување на градот се вклучи и Здружението на граѓани “Коледари”.

На локацијата пред градскиот базен во новиот парк беа засадени 14 садници, во име на 14 советнички од Клубот на советнички, кој го сочинуваат членки на Советот на Општина Куманово.







Национален младински совет со поддршка на УСАИД и Civic Engagement Project заедно со младата ЕУ амбасадорка Албрие Џемаили, организираше пикник дискусија на Спомен костурница, каде што ученици од училиштата се приклучија на зелената агенда и со поддршка на Општина Куманово беше реализирана акција за садење на нови садници.



Заедно со Здружението на пензионери – Куманово и „Кумановски акцијаши" спроведовме акција за расчистување на градскиот парк.











Се организираше и ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД во организација на „MAN AND MOUNTAIN LLC" од Австрија заедно со Општина Куманово, ЈП „Чистота и зеленило" Куманово, припадници на Армијата, НВО „Кумановски акцијаши" и граѓаните во рамките на проектот „Зелена сончева", под мотото „За чисто како дома исто". Со механизација се чистеше дивата депонија под мостот на влез од населбата Перо Чичо од страна на екипите на ЈП „Чистота и зеленило" и Општината во соработка со Армијата. За секои 10 килограми собран отпад ќе биде засадено дрво, создавајќи монументална шума „Сончева гора".





Поставени се дрвореди на повеќе локации во Општина Куманово меѓу кои издвојуваме: 35 јасени, 42 платани и 14 дабови на булевар „Трета МУБ“ и улица „Гоце Делчев“; 2 јавори, 3 платани и 14 дабови на новиот кружен тек на влез од градот; 67 јасени, 16 брези и 4 јавори на булевар „Октомвриска револуција“; 28 јасени, 10 каталпи, 23 брези, 7 платани и 5 жални врби на градскиот кеј; 20 жални врби, 19 јасени, 6 каталпи во градскиот парк; 24 јасени и 2 липи кај градскиот затворен базен; 14 јасени и 10 врби во населба Гоце Делчев; 25 јасени во населба Тоде Мендол; 40 јасени и 31 платани на булевар „Трета МУБ“; 34 платани на улица „Гоце Делчев“; 114 брези на улица „100“ во населба Карпош; 34 јасени и 6 брези на улица „Братство Единство“; 50 јасени на улица „Перо Чичо“; 67 јасени на улица „Б.Б. Гуцман“; 32 јасени на градскиот кеј.







Уредени се жардиниерите пред 16-катницата и ТЦ „Сума“ на улица „Моша Пијаде“.

Спроведена е акција за масовно пошумување на Даштев рид со 5000 садници, 2000 садници на Спомен костурница и 1000 садници на други локации во градот од страна на ЈП „Чистота и зеленило“, АРСМ, Советот на Општина Куманово и ученици од општинските училишта.















Во 2021 година како дел од пролетната акција за раззеленување на Куманово, градоначалникот Димитриевски заедно со командантот на Командата за операции генерал-мајор Павле Арсоски, заменик на командантот на Командата за операции, бригаден генерал Орце Јордев, командант на Бригадата на Југоисточна Европа СЕЕБРИГ, бригаден генерал Aristeidis Iliopulos, командант на Првата пешадиска бригада, бригаден генерал Бесник Емини и припадниците на СЕЕБРИГ и на Армијата, на излетничкото место Студена вода засадија листопадни и зимзелени садници, украсни грмушки, бел бор и чемпрес за масовно пошумување. По завршување на акцијата заеднички се искачија на врвот на Краста.





Редовно се уредуваат зелените површини во градот, градскиот и соколанскиот парк.



**Во раззеленување на градот се засадени вкупно 15.695 садници во период од 2017 година до 2021 година во повеќе акции на различни локации во Куманово.**





Поставени се нови клупи во централното подрачје, на градскиот кеј, во градскиот парк и во соколанскиот парк.

Поставени се нови кантички за смет на градските плоштади, во централното подрачје, по должина на булеварот „Октомвриска револуција", како и на локалитет Студена вода.









Пуштени се во употреба 8 нови камиони за собирање на смет во ЈП„Чистота и зеленило", обезбедени преку проектот за поддршка во воспоставување на регионален систем за управување со отпад – набавка на опрема и возила за собирање на отпад во Источен и Североисточен регион. Проектот се реализира со помош на ЕУ и конечната цел е да се затвори депонијата Краста, да се изгради нова претоварна станица за отпад и целата количина на комунален отпад од Североисточниот и Источниот плански регион да се преработува во фабриката за преработка на отпад во Општина Свети Николе која треба да започне да се гради.

Поставен е систем за перење на камиони во депонијата Краста, ГПС систем за следење на камионите за собирање на смет, подготвен е систем за сортирање на отпад на лента и преса, како и процес за мерење на целокупниот отпад.



Обезбедени се 150 нови контејнери за смет, наменети за централното градско подрачје, како дел од проектот „Одржливи еколошки и здравствени придобивки во прекугранична област“, преку Програмата за прекугранична соработка со Косово на ЈП „Водовод“ - Куманово и регионалната компанија „Хидроморава“ - Гњилане.

Дополнително преку ИПА проект, за Општина Куманово се обезбедени вкупно 1299 стандардни метални контејнери, предвидени за испорака во две фази.

Во согласност со Програмата на активности од област на заштита на животна средина и природа на Општина Куманово за 2021 година, изготвен е катастар на загадувачи.

Во согласност со Закон за собирање на електрична и електронска опрема, оформени се 4 собирни пунктови (еко-магацини) и истите се поставени во основните училишта: „Браќа Миладиновци“, „Кочо Рацин“, „Христијан Карпош“ и „Јероним Де Рада“.



Во соработка со „ПАКОМАК“ поставени се контејнери за примарна селекција на отпад, меѓу првите во државата, и тоа три видови на контејнери за селекција на стакло, хартија и пластика на 12 локации.

Започна поставувањето на нови полуподземни контејнери за отпад во Куманово. Ова е современ начин на депонирање на комунален отпад, при што еден контејнер има капацитет од 5 кубни метри отпад и практично заменува 6 обични контејнери. На 8 локации се поставуваат вкупно 15 контејнери, а овој тренд ќе продолжи и во иднина.








Набавена е ХТЗ опрема за екипите на ЈП „Чистота и зеленило“, различни алати и моторни пили, средство за одмрзнување на подледени површини, нови контејнери и тркала за контејнери, лента за селекција на отпад, преса за отпад, товарач за трактор, приколка за трактор, 2 трактори Махиндра, 3 автометлачки, 2 камиони за смет, 2 атомизери за трактор и воведен е систем за електронска наплата на комунална такса за смет.

Поставен е вендинг апарат за селектирање на отпад преку проектот „Пластикмат за чист град “, имплементиран преку Центарот за развој на Североисточниот плански регион пред влезот во супермаркет Рамстор.














# ИНСТИТУЦИИ, ЈАВНИ СЛУЖБИ И АДМИНИСТРАЦИЈА

Општина Куманово одржува стабилен и професионален однос со општинските институции и јавните служби. Нашите надлежности и можности ни овозможија да им излеземе во пресрет на претпријатијата и институциите, преку помош и обезбедување на неопходните услови за работа, како и модернизирање на услугите, на барање на граѓаните.

Очекувањата на граѓаните за повеќе достапни услуги ги исполнуваме преку администрирање на постоечките сервиси и збогатување со креативност и иновации во системските истражувања и решенија. Институциите се достапен сервис на граѓаните, во кои посветено работат компетентни и стручни лица, чија должност е преку работните задачи да овозможат остварување на посакуваната цел на граѓаните.

Се работи на реализација на нови значајни проекти за нашата Општина, воедно одржувајќи ги стекнатите пријателства, кои донесоа плодна соработка со позитивни резултати, а во изминатите 8 години Општина Куманово стана збратимен град со Бања Лука, Нови Сад, Гњилане и Општина Чајетина.

Општина Куманово за успешна соработка со невладиниот и граѓански сектор, изминатиот мандат склучи Меморандуми за соработка со: Здружението за хумано домување „Хабитат Македонија", Центарот за истражување и креирање политики „Макпетрол", Институт за Европска политика, Специјална олимпијада Македонија – Скопје и Здружението за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива", Здружението за општествен развој и демократија НВО „Пулсот на демократијата" и Еуростеп ДООЕЛ Скопје.














Во име на Општина Куманово, градоначалникот Димитриевски ја прими наградата„Европска ознака за извонредност на управувањето“, доделена од Европската организација за локална демократија – АЛДА, во согласност со успешно спроведениот процес на самоевалуација и покажувањето на високо ниво на усогласеност со 12 начела за добро демократско управување на Советот на Европа од страна на Општина Куманово.









Лауреат со награда и признание за градоначалникот Максим Димитриевски и Општина Куманово од„Глобал Локал“. Наградата беше доделена во рамките на официјалната програма на Светскиот конгрес на претприемачи, што се одржа во Скопје под покровителство на Владата на Република Северна Македонија.



Димитриевски е добитник и на признанието Голема плакета на Армијата на Република Северна Македонија за соработка и врвни постигнувања, како највисоко признание на надворешен субјект.







Формирана е Комисија за женско претприемништво во Општина Куманово.





Општина Куманово традиционално секоја година прогласува најдобар полицаец и пожарникар, како и сувенир на Општината.



Се здобивме со сертификат за Најактивна Општина за климатски промени, зелени технологии, нула отпад и решенија за намалување на отпад од домашните партнери на проектот „ZeroWaste&CE“, како и од партнерите од Шпанија, Словачка, Шведска и Турција.





Општина Куманово се залага за модернизација на јавните претпријатија, во функција на подобра оперативност и економичност. Во таа насока обезбедени се три комбинирани ровокопачи-натоварувачи за јавните претпријатија: „Куманово Гас", „Водовод" и „Чистота и зеленило", три камиони за зимско одржување на улици со зимска опрема, еден трактор со приколка, една автодигалка и еден камион за смет наменети за „Чистота и зеленило", автомобил и камионет за „Куманово Гас" и пајак-возило за „Куманово Паркинг". Благодарение на вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2), ги подобруваме условите за работа, проширувајќи ги услужните капацитети на претпријатијата.







Градоначалникот Димитриевски заедно со премиерот, директорот на Агенцијата за млади и спорт и младински работници и активисти, свечено го пуштија во употреба Младинскиот центар во Куманово. Центарот, кој е прв во државата, согласно Законот за младинско учество и младински политики и стандардите за младински центри, е соодветен простор, каде ќе се спроведува системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во животот во заедницата преку неформално образование низ учество во забавни и волонтерски активности, менторство и информирање, организирани за и од страна на младите.



Обновена е фасадата на главната зграда на Општина Куманово.

Согласно Законот за младинско учество и младински политики, Општина Куманово назначи и службеник за млади.

Градоначалникот Максим Димитриевски и министерот за информатичко општество и администрација Јетон Шаќири, го отворија Центарот „Една точка за услуги“ во Куманово.

Се опремуваат дополнителни простории во рамки на Општината, наменети за поддршка и реализација на различни младински активности и проекти.













Како дел од Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан – ReLOaD, во изминатите години беа реализирани и повеќе младински иницијативи.

Здружение на граѓани „Активум“ - вклученост на млади во обука за фото работилници, организирање на уличен младински фестивал, аукција на фотографии, аукција и промоција на хуманизам преку помош на три семејства под социјален ризик.

Со Здружението „Креатор“ се реализираа активности за развој на волонтерството, преку директно учество на младите од Куманово во делот реконструкција на детско катче во познатиот соколански парк, во централното градско подрачје, како и разубавување на локацијата преку креативни графити.

Со Спортскиот младински клуб „Динамик“ се организира обука на млади за одржување на велосипеди и промоција на велосипедизмот како здрава навика кај младите, која исто така ќе влијае и во заштита на животната средина, како и организирање на велосипедска трка низ Куманово.

Преку Хуманитарно здружение „Мајка“ се реализира сексуална едукација во основните и средните училишта во Куманово, на која беа опфатени 650 ученици на возраст од 14 до 18 години. Беа реализирани и работилници и обуки за млади од ОСТУ „Наце Буѓони“ за јакнење на капацитети за практична работа. Средношколците кои поминаа обука заедно со професорите, самостојно изработија бина, која понатаму беше користена за матурска прослава и различни манифестации. Бината во иднина ќе служи за промоција на други училишта.

Преку истата Програма во делот на социјални права и намалување на сиромаштија, беа реализирани следните активности: со Здружението „РОЖМ ДАЈА“ е обезбедена директна помош на стари лица под социјален ризик, логистичка поддршка во делот на обезбедување на лекови и храна, како и медицинска сестра за помош при терапија; со Здружение на жени „Коло на српските сестри“ – Куманово се реализира обука на 30 лица за работа на техника витраж, оспособување за егзистенција преку усовршување на нивниот талент, како и изложба и промоција на подготвените слики.

# Официјални средби, посети и настани

Градоначалникот Димитриевски во 2022 година оствари средба со: германскиот амбасадор Н.Е. Анке Холштајн, со амбасадорот на Р Израел Н.Е. Симона Франкел, амбасадорот на Кралство Јапонија, Н.Е. Хиронори Савада, со Н.Е. Сергеј Александрович Баздникин - амбасадор на Руската Федерација, амбасадорот на Република Косово Н.Е. Флоријан Ќехаја, Н.Е. Сирил Бомгартнер - амбасадор на Р Франција, амбасадорот на Р Швајцарија Н.Е. Вероник Хјулман, Н.Е. Драган Јаќимовиќ - амбасадор на Р Босна и Херцеговина, амбасадорот на Р Романија Н.Е. Адела Моника Аксинте, со Н.Е. Нивес Тигањ амбасадор на Р Хрватска и со амбасадорот на Р Србија Н.Е. Невена Јовановиќ.

Во 2023 година градоначалникот оствари средба со: Н.Е. Ами Ларсон Јаин амбасадор на Кралството Шведска, амбасадорот на Република Чешка Н.Е. Јарослав Лудва, амбасадорот на Република Италија Н.Е. Андреа Силвестри, унгарскиот амбасадор Н. Е. Андраш Клеин и економскиот советник Сандра Харастиа, амбасадорот на Кралство Шпанија Н.Е. Хозе Луис Лозано Гарсија, амбасадорот на Р Франција Н.Е. Сирил Бомгартнер, амбасадорот на Р Грција Н.Е. Софија Филипиду и со јапонскиот амбасадор Н.Е. Оцука Казуја.
























Димитриевски во 2024 година оствари средба со: амбасадорот на Словачка Република Н.Е. Хенрих Маркуш, амбасадорот на Република Полска Н.Е. Кшиштоф Гжелчик и претседателката на Организација на културната дипломатија – „Добредојде Македонија“ Емилија Миладинова Аврамчева, амбасадорот на Република Хрватска Н.Е. Нивес Тигањ, амбасадорот на САД Н.Е. Анџела П. Агелер, со германската амбасадорка Н.Е. Петра Дрекслер, амбасадорот на Република Словенија Н.Е. Грегор Прескер и заменик амбасадорот Татјана Ковачиќ, со унгарскиот амбасадор Н. Е. Андраш Клеин со делегација од Р Австрија, предводена од амбасадорот на Р Австрија Н.Е. Мартин Памер и претставници од противпожарната бригада на покраината Тирол, со амбасадорот на Руската Федерација Н.Е. Сергеј Александрович Баздникин, со новоназначениот амбасадор на Кралството Шпанија Н.Е. Рафаел Сориано Ортис, со амбасадорот на Република Казахстан Н.Е. Сатибалди Буршаков, со новоназначениот амбасадор на Р Франција Кристоф Ле Риголер, со Н.Е. Озлем Џанел амбасадор на Кралството Холандија и со црногорскиот амбасадор Н.Е. Зоран Миљаниќ.












Во 2025 година градоначалникот оствари средба со амбасадорката на Швајцарија во Република Македонија, Н.Е. Вероник Улман.



Димитриевски оствари протоколарна средба со претставничка од Организацијата на Обединетите нации во Македонија, постојаниот координатор, Рита Колумбија.

Во 2017 година градоначалникот на Општина Куманово Максим Димитриевски оствари средби со: амбасадорот на Франција Н.Е. Кристијан Тимоние, амбасадорот на Јапонија во Република Северна Македонија Н.Е. Кеико Ханеда, Евроамбасадорот Н.Е. Самуел Жбогар, амбасадорот на Швајцарија во Република Северна Македонија Н.Е. Сибил Зутер Техада и регионалниот советник за инфраструктура и животна средина Клиф Хамер.

Покрај соработката со меѓународната заедница, градоначалникот е во редовна комуникација со претставниците на верските заедници во нашата Општина, секогаш залагајќи се за вистинско мултикултурно општество за сите.

Во 2018 година градоначалникот на Општината Димитриевски оствари работни средби со: амбасадорот на Република Чешка во Република Северна Македонија Н.Е. Мирослав Томан, амбасадорот на Р. Србија во Република Северна Македонија Н.Е. Душанка Дивјак-Томиќ, амбасадорот на УНДП Н.Е. Луиза Винтон и амбасадорот на Јапонија Н.Е. Кеико Ханеда, италијанскиот амбасадор Карло Ромео. Општина Куманово беше домаќин на дел од дипломатскиот кор: амбасадори на Црна Гора, Хрватска, Словенија, Србија, Ев-



















ропска Унија и НАТО. Беа остварени средби и со: амбасадорот на Австрија во Република Северна Македонија Н.Е. Рената Коблер и амбасадорот на САД Н.Е. Џес Бејли.

Градоначалникот се сретна и со амбасадорите на Мир од регионот.

Во 2019 година градоначалникот Димитриевски оствари работни средби со: Мачида Хидеаки заменик амбасадор на Јапонија и Канако Теруи втор секретар во Амбасадата, амбасадорот на Велика Британија Н.Е. Рејчел Галовеј, амбасадорот на Руската Федерација во Република Северна Македонија Н.Е. Сергеј Александрович Баздникина, амбасадорот на Швајцарија во Република Северна Македонија Н.Е. Сибил Зутер Техада, амбасадорот на Република Словенија во Република Северна Македонија Н.Е. Милан Јазбец, амбасадорот на Сојузна Република Германија во Република Северна Македонија Н.Е. Томас Герберих, амбасадорот на Република Црна Гора во Република Северна Македонија Н.Е. Марија Петровиќ, хрватскиот в.д. амбасадор Н.Е. Владо Узелац.



















Градоначалникот ги пречека сопругите на амбасадорите во Република Северна Македонија и тоа на: бугарскиот, турскиот, словачкиот, италијанскиот, унгарскиот, германскиот, на претставникот на НАТО, на ЕУ, на ОБСЕ за Република Северна Македонија.

Во 2020 година градоначалникот на Општината Димитриевски се сретна со: амбасадорот на Република Полска во Република Северна Македонија Н.Е. Војциех Тицињски, амбасадорот на Босна и Херцеговина Н.Е. Драган Јаќимовиќ, амбасадорот на Руската Федерација во Република Северна Македонијаа Н.Е. Сергеј Александрович Базникин. Димитриевски со претседателката на Совет на Општината Атина Мургашанска и претставници од Општината и општинските претпријатија, се сретнаа со амбасадорот на Европската Унија во Република Северна Македонија Н.Е. Самуел Жбогар. Следуваа средби со амбасадорот на СР Германија во Република Северна Македонија Н.Е. Анке Холштајн и со амбасадорот на Швајцарија во Република Северна Македонија Н.Е. Сибил Зутер Техада.

Во 2021 година градоначалникот на Општина Куманово Димитриевски оствари работна средба со: амбасадорот на Јапонија Н.Е. Хиронори Савада и директорот на Општа болница Куманово Снежана Захариева, амбасадорот на Италија во Република Северна Македонија Н.Е.  Андреа Силвестри, првиот секретар и заменик амбасадор Алесио Ликуори, професор по италијански јазик при Катедрата на УКИМ и Оддел за култура при Амбасадата, Марко Пешетели.

Градоначалникот оствари средба со Ивица Дачиќ, потпретседател на Влада и министер

за внатрешни работи на Република Србија и Невена Јовановиќ, амбасадор на Република Србија.




Димитриевски присуствуваше на свечено одбележување на 17 Октомври, Денот на Команда за операции, во касарната „Боро Менков"- Куманово.




Во рамки на одбележувањето на Денот на Свети Сава, националниот празник на Србите кои живеат во Македонија, во ООУ „Карпош" – с.Умин Дол, градоначалникот Димитриевски беше домаќин на високи државни претставници од Република Србија, потпретседателот на Влада и министер за одбрана на Република Србија, Милош Вучевиќ со неговата делегација и амбасадор на Р Србија, Н.Е. Невена Јовановиќ.




Димитриевски во посета на Нови Сад по повод Денот на градот.




Во Општина Куманово гостинка беше Цвета Андоновска, најмладата партизанка во историјата на НОБ од градот-првоборец, сестра на народниот херој Тоде Думба.









Димитриевски присуствуваше на Самит за демократија во Југоисточна Европа во Будва.

На покана на Заедницата на Македонци во Албанија и редакцијата на весникот „Преспа“ заедно со Македонското друштво „Сонце“, Димитриевски присуствуваше на свечено одбележување на 30-годишнина од излегувањето на првиот македонски весник во Албанија – „ПРЕСПА“, како и во обиколка на Музејот „СТЕРЈО СПАССЕ“ во село Глобочени.

Во просториите на Хајделберг факултет во Скопје градоначалникот присуствуваше на форумска дебата на тема „Државните стратегии и предизвиците за одржлив развој на општините“.

Градоначалникот заедно со командирот на ТППЕ Куманово го посети с. Кокошиње, кое беше зафатено од пожари.

Градоначалникот оствари средба со истакнатиот репрезентативен фудбалски голман Столе Димитриевски.

Се одржа Јавна дискусија во рамки на кампањата „Сите заедно за професионална и квалитетна јавна администрација“, на тема „Идни заложби за добро управување и поефикасна јавна администрација“.

Градоначалникот на Општина Куманово Димитриевски оствари прва официјална средба со делегација на ЕУ, предводена од Еди Греиф, регионален советник за безбедност и антитероризам.

Градоначалникот заедно со Неговото Високопреосвештенство митрополит кумановско-осоговски владика Григориј, го посети храмот „Св. Архангел Михаил и Гаврил“.

Градоначалникот присуствуваше на третиот Меѓународен саем на вино, храна, ракија и туризам „Винска визија на Отворен Балкан“.












# ТППЕ Куманово

Континуирано се врши опремување на ТППЕ Куманово, со цел успешно извршување на нивната задача.

Во 2024 година преку проектот „FIRE SHIELD“ на Центарот за развој на Североисточен плански регион набавени се две специјализирани возила за шумски пожари под висок притисок. Дополнително, набавени се 60 комплети заштитни одела за шумски пожари, 60 професионални комбинезони за пожари на отворен простор, набавена е опрема за гасење пожари - турбо млазници, грбни прскалки и црева F52 и F75. Поставени се метални ормани за гардеробери. Реконструирана е гаражата на објектот, монтирани се нови автоматски гаражни роло врати и поставени се ПВЦ прозорци во гаражниот простор. Набавени и наместени се печки на пелети во гаражниот простор.

















Во 2022 година ТППЕ Куманово доби противпожарно возило од Дирекцијата за заштита и спасување, наменето за оперативно делување при гаснење на пожари.




Во 2022 година претставниците на компанијата ИЦС Системи од Р Чешка, подружница Охрид, доделија донација наменета за ТППЕ Куманово, од 25 противпожарни униформи за гаснење на пожари на отворен простор.





Изработен е експлотационен бунар и монтирани се потопни пумпи. Набавен и монтиран е хидрант.



Во 2023 година пет пожарникари од Општина Куманово со возило и опрема, девет дена помагаа во реонот зафатен од земјотрес во Турција.

Во 2024 година ТППЕ Куманово учествуваше на испомош за справување со пожари и во општините Свети Николе и Неготино.

















Во 2021 година набавени се 40 нови грбни пумпи за гаснење на шумски пожари на отворен простор за ТППЕ Куманово.

По средба на градоначалникот Максим Димитриевски со директорот на Дирекцијата за заштита и спасување д-р Беким Максути, ТППЕ Куманово доби опрема за спасување при урнатини и сообраќајни незгоди од страна на Дирекцијата.

Во 2020 година пожарникарите добија нова заштитна опрема вклучувајќи 33 нови одела, кои ќе ги користат за гасење на пожари на отворен простор во урбаните и во руралните средини. Од Општина Куманово беше обезбедено мобилно возило за брзи интервенции.

Се одржа и полагање на завршен испит за пожарникари, преку теоретски и практичен дел на 26 кандидати, кои успешно ја завршија обуката.

Во 2019 година беа набавени 30 заштитни интервенциски противпожарни комплети составени од противпожарно заштитно одело, професионални ПП чизми, професионални пожарникарски ракавици и шлемови со средства обезбедени од Општина Куманво.

Секоја година традиционално се избира пожарникар и полицаец на годината, со цел да предизвикаме дополнителен поттик за понатамошен успех и позитивен пример за средината, во која ја извршуваат својата професионална должност.

# Дом за стари лица „Зафир Сајто“

Грижата за старите лица и нивната емоционална благосостојба е битен аспект, на кој вработените во домот обрнуваат посебно внимание. Во мандатот 2021 - 2025 година реализирани се повеќе проекти, во продолжение издвојуваме дел од нив.



Целосно се реконструирани 30 соби во домот, при што е сменета комплетната водоводна, канализациска и електрична инсталација и опремени се со комплетно нов мебел, кревети, плакари, столови, маси и фрижидери, во согласност со капацитетите и можностите, за да не бидат нарушени условите за живеење во домот.



Сите 82 соби во домот се опремени со лед-ТВ и кабловска ТВ.



Комплетно е опремен и пуштен во функција фризерски салон за потребите на корисниците.



Реконструирана е занималната.



Реконструирана и опремена е амбулантата во домот.



Набавени се нови 8 единици клима уреди.



Извршена е реконструкција на холот на приземје.



Набавени се нови маси и столови.



Извршена е набавка на нови плакари за собите.



Надградба на постечкиот систем за соларно затоплување на вода до 2.5 тони.



Набавка на нов мебел за реконструираниот трети реон.



Обработка на ѕидни површини со лепило, мрежа и абрип на вкупно 3500 м² во домот, како и молерисување на истите.



Набавка на инвалидски колички, антидекубит-пневматски душек и тоалетна инвалидска количка со сопствени средства.



Набавка на колички за хигиена и облека од сопствени средства.



Набавени се канцелариски столови за административните простории.



Набавени се помошни средства – колички за хигиена, за одлагање и пренос на алишта за секојдневна работа на персоналот.



Набавени се нови униформи за персоналот во домот.



Набавени се 20 нови медицински кревети.



Реконструирани се ходниците.

Во период од 2017-2021 континуирано се подобруваа условите во ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“ во Куманово, преку различни проекти и активности помеѓу кои издвојуваме во продолжение.



Нови поголеми простории за амбуланта и физиотерапија со комплетно нова опрема: масажери за тело, велосипед за вежбање, трака за трчање, антидекубитусни душеци, кревети, паравани и колички.

Реконструкција на кровната конструкција на домот и реконструкција на тоалети.



Нов паркинг простор и нов службен влез за возила.

Разубавување на неколку локации во дворот на домот со графити.

Нови ПВЦ прозорци и алуминиумски ролетни.

Нови врати во административниот дел од домот.





Нов мебел за занималните.

Набавка на нова професионална машина за перење, со што во моментот домот располага со 4 нови машини.

Надградба на системот за видео надзор и противпожарен аларм.





Адаптација на домот за работа согласно протоколите во услови на КОВИД-19 кризата.









Реновирање и опремување на нова кујна и трпезарија со капацитет за готвење од 200 луѓе.



Надградба на системот за соларно греење и зголемување на неговиот капацитет, задоволувајќи ги целосно потребите на домот.

Набавка на нови душеци за сите корисници.

Дополнително, по пат на донација обезбедени се 48 медицински кревети и 30 ЛЦД телевизори.



Замена на старото осветлување со ново ЛЕД осветлување.

Обнова на урбаната опрема во домот со нови летниковци и клупи.

Набавка на нова машина за чистење подови.

Воспоставување на нова ИТ мрежа во административниот оддел и набавка на нова ИТ опрема.





Адаптирање на простории за работни активности со терапевт.

Поставување на две рампи за влез и излез на лица со телесна попреченост и трета рампа за влез и излез на болни лица.





Поплочување со бекатон подлога околу домот и нов покриен паркинг простор.









# Ученички дом „Професор Мијалковиќ“

Ученичкиот дом „Професор Мијалковиќ“ е дел од неколку општински проекти:

Проектот за правото на народна кујна.

Спроведена е гасификација во објектот.

Одобрен е проект „Справување со загадувањето на воздухот“ за поставување на фотоволтаични панели на кровот на објектот, финансиран од Општината и УНДП.

Во рамките на проектот „Социјална инклузија на деца од рурални средини, жртви на семејно насилство и жртви на поплави и пожари” се реализира реконструкција на Ученичкиот дом„Професор Мијалковиќ“- Куманово, со што е добиена комплетно нова слика на ентериерот и екстериерот во домот, а поставена е и пристапна рампа за лица со посебни потреби. Проектот е финансиран преку Агенцијата за развој на Швајцарија, застапувана преку Амбасадата на Швајцарија и Министерството за локална самоуправа, а во негови рамки се извршени повеќе активности во Ученичкиот дом„Професор Мијалковиќ“.

Изработка на нова фасада со енергетска изолација во Ученичкиот дом.

Целосна реконструкција на тоалети и бањи во Ученичкиот дом.

Поставување на нови 7 коморни ПВЦ прозорци во целиот објект на Ученичкиот дом.

Репарација на паркет на постоечките простории и поставување ламинат во новите апартмани во Ученичкиот дом.

Замена на сите врати и обновување на ентериерот во Ученичкиот дом.

Адаптација на влезот за лица со посебни потреби и набавка на лифткар гасеничар за потребите на Домот.























# ЈП „Водовод“ - Куманово

ЈП „Водовод“ – Куманово се грижи за водоснабдување, одведување на отпадни и атмосферски води, одржување на водоснабдителниот и канализациски систем во исправна состојба и пречистување на отпадни води. Во мандатот 2021 - 2025 година реализирани се повеќе активности. Во продолжение издвојуваме дел од нив.

Имплементација на проектот „Реконструкција, употреба и одржување водоснабдителен систем на град Куманово“ од страна на ЈП„Водовод“ - Куманово, мапирање на водоснабдителниот систем на град Куманово. Предвидено е поставување на мерно - регулациона опрема на 18 локации на територијата на Општина Куманово за следење и мониторинг на протокот и притисокот. Се користат квалитетни мобилни ултразвучни мерачи за проток и сонди за мерење на притисок, со цел подобро управување со водоснабдувањето и навремено детектирање и санирање на настанатите проблеми во системот. Информациите од мерните локации се испраќаат до главниот SCADA центар каде што следи процес на обработка на добиените информации од страна на вработените во претпријатието.



















ЈП „Водовод“ – Куманово во соработка со Општина Куманово реализираше неколку стратешки проекти за подобрување на квалитетот и квантитетот на водоснабдувањето на граѓаните на Куманово. Со проектот „Пумпна станица“ се подобрува квалитетот на работата на целата фабрика за производство на вода, а пред сè е значаен за непречено функционирање на нова најсовремена баждарница за водомери, која е поставена во реконструирани постоечки простории на старата фабрика за преработка на вода. Со ова решение се обезбедува континуирано водоснабдување со потребен притисок на целата фабрика за преработка на вода, како и на новата баждарница за водомери, со што се намалија загубите на вода од 3% до 5%.

Со набавка на хлорна постројка со сопствени средства, во целосно реновирани простории, инсталирана е најсовремена опрема за автоматизирање на процесот на хлорирање, со што обезбедивме пософистициран, мониториран и побезбеден процес на обработка на сировата вода. Старата опрема е заменета по 40 годишна експлоатација.

Набавена е повеќенаменска градежна машина – багер за ископ за ЈП „Водовод“ Куманово, преку Центар за развој на Североисточен плански регион.

Набавено е возило Renault D18 High со надградба за чистење на канализациска мрежа за ЈП „Водовод“ Куманово преку Центар за развој на Североисточен плански регион.








Во мандатот 2017 - 2021 година реализирани се повеќе активности од кои издвојуваме.

ЈП „Водовод“ изврши набавка на гасна хлорна постројка, со помош на сопствени средства со намена за автоматско регулирање на хлор, а со помош на Општина Куманово ќе се реализира проектот за употреба и одржување на дел од водоснабдителен систем на град Куманово.

Завршен е проектот за употреба и одржување на дел од водоснабдителниот систем на Куманово, вреден 860.000 евра, средства обезбедени од Европска инвестициска банка.

Во фабриката за преработка на вода функционира SCADA систем за поедноставување на работата на самото построение и на пратечките објекти за водоснабдување.



Извршена е комплетна замена на песок (околу 300 м3) во филтерските полиња со нов, со што се исполнети и препораките дадени од Институтот за јавно здравје, во поглед на зголемување на квалитетот на преработката на вода.

Општина Куманово, ЈП „Водовод“ и „Хидроморава“- Гњилане потпишаа Договори за соработка за проектот „Одржливи еколошки и здравствени придобивки во прекугранична област“. Придобивките од проектот се состојат во изградба на атмосферска канализација на улица „Братство Единство“ и набавка на 150 пластични контејнери за смет кои се предадени на ЈП „Чистота и зеленило“.

Во рамките на проектот на ЈП „Водовод“ и Општина Куманово извршена е замена на старите електронски водомери со нови во системот на водоснабдување во Општината. Проектот е финансиран од ИПА фондови во вкупна вредност од 1,8 милиони евра, а предвидува замена на 10.000 електронски водомери, обука за вработените, набавка на апарати и инструменти за откривање на подземни дефекти и софтвер за зонирање на водоводниот систем во Општина Куманово.








# ЈП „Куманово паркинг“



Инсталирани се топлински пумпи на затворениот градски базен во Куманово со што е постигнато повисоко ниво на енергетска ефикасност на објектот и дополнителна заштеда во потрошувачка на енергија.



Набавени и поставени се фотоволтаични системи на затворениот градски базен.



Претпријатието е дел од проектот „Субвенционирани наставни и вонннаставни пливачки активности“, теоретски предавања и практичен приказ на вежби за вклучување на ученици со попреченост во затворениот градски базен.



ЈП „Куманово паркинг“ е дел од мерката Повластено користење на паркинг услуги за лицата со попреченост на јавните паркиралишта и јавните површини, со кои стопанисува претпријатието.

# ЈП „Куманово план“

ЈП „Куманово-план“ изготви урбанистички и основни проекти за двата кружни текови, за реставрација, санација, конзервација и адаптација на објектот Соколана, проект за изградба на објект за образование во населба Бедиње, реконструкција и адаптација на училишна зграда во ООУ „Браќа Миладиновци“ - подрачно училиште во с. Пчиња, изградба на детска градинка во населба Зелен рид, инвентаризација на изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура, на земјиште и зеленило во рамки на планскиот опфат на генерален урбанистички план на Куманово. Основни проекти за изградба на дел од бул. „Октомвриска револуција“ и ул. „АВНОЈ“ со 4 краци и за реконструкција на улицата „Моша Пијаде“.

Новоотвореното претпријатие ЈП „Куманово-план“ за изработка на просторни и урбанистички планови претставува позитивен исчекор во придонесот за современо просторно и урбанистичко планирање на градот, како пример за суштинско имплементирање на децентрализацијата во овој сегмент.









# ЈП „Пазаришта“

Јавното претпријатие „Пазаришта“ се грижи за уредно функционирање на пазарите и обезбедување на хигиена.

Поставени се и мобилни куќички за сезонски пазар на цвеќе и садници пред влезот на ЈП „Пазаришта“ Куманово. Изработени се нови штандови за продажба на времени пазари, кои ќе се поставуваат на јавно прометни површини за време на празнични настани во Општината.



Поставени се фотоволтаици на градскиот пазар.

Во 2019 година преку проектот „Одржлив пазар на свежи земјоделски производи на земјоделци од прекуграничната област во Општина Куманово и Општина Гњилане“, довршена е реконструкција на зелениот пазар, со средства обезбедени преку Програмата за прекугранична соработка меѓу Косово и РС Македонија, со учество на Министерството за локална самоуправа.

Во 2018 година извршена е кровна реконструкција на второ ниво на зелениот пазар и поставување на нов громобран, како и реконструкција на тоалети, промена на водоводна и електрична инсталација, поставување на нови врати, прозорци, плочки и санитарија во тоалетите. Средствата се обезбедени преку Програмата за прекугранична соработка помеѓу Косово и РС Македонија, кофинансирана од страна на Министерството за локална самоуправа.







# КУЛТУРА

Куманово се гордее со богатото културно наследство, создавано со векови. Традиционално одржуваме културни настани, манифестации, свечени одбележувања, промоции, колонии и изложби, претставувајќи ги традиционалните вредности и обичаи на етничките заедници, кои овде живеат. Богатата културна програма го отсликува взаемното почитување, сплотеност и толеранција помеѓу луѓето од сите возрасти и генерации, градејќи нераскинлива врска, која никој не може да ја уништи. Со години традиционално се организираат повеќедневни настани и концерти, така беше и во изминатите осум години.










Куманово е град кој ги развива и унапредува односите со збратимените и пријателски градови. По повод Денот на градот организираме прием на официјални делегации: Бјелина (Република Српска, Босна и Херцеговина), Чукарица, Горњи Милановац, Крагујевац, Лебане и Врање од Република Србија, Никшиќ и Беране од Црна Гора, Јелса (Хрватска), Чепеларе и Ќустендил од Република Бугарија, Драч (Албанија), Чорлу (Турција) и Нова Де Појес (Португалија).







Традиционално се одржува свечен прием по повод Денот на град Куманово, на кој присуствуваат претставници на Сојуз на борци, поранешни градоначалници на Општината, претставници на СВР, АРМ, Здружение на армиски и полициски ветерани од активен и резервен состав и Територијална противпожарна единица.



По повод празникот, на Спомен костурница - споменик на паднатите борци од Народноослободителна војна, бројни делегации полагаат цвеќе.










На свечената седница на Советот на Општина Куманово се доделува престижната Ноемвриска награда, како и благодарници од име на градоначалникот.





Мега концертите кои се проследени со спектакуларен огномет, предизвикуваат огромен интерес кај граѓаните од сите возрасти и генерации.

















Граѓаните имаа несекојдневна можност празнично да се забавуваат на концерти со богат репертоар на бројни мега-ѕвезди:

- Пајак, Таско, Барди, Ѓорѓе Давид и Ивана Петерс со Death Saw (2021 година).
- „Дајте музика“, Тајзи и Сара Јо, Алкета, Барди, „Некст тајм“ и Влатко Лозаноски-Лозано (2022 година).
- Мартинијан Кириловски, Пајак и Лара, дуото „ДНК“ и албанската миленичка Туна (2023 година).

- Јубилејот 505 години Куманово го одбележавме со мега концерт на градскиот плоштад, каде што настапија повеќе од 20 артисти: Владо Јаневски, „ДНК“, Тамара Тодевска, Ламбе Алабаковски, Антониа Гиговска,„2 Бона“,„Слаткаристика“, Ивона Јо, Наум Петрески, Маргица Антевска, Пајак, Марио Арангеловски,„Куку Леле“, Мартија Станојковиќ, Лука Чомбе, Миле Кузмановски, Нино Величковски, Лара Иванова, Мартинијан Кириловски, Шпенд Латифи, ДЏ Боно и „Фис бенд“, кои имаа можност да ја забавуваат публиката од сите генерации и етникуми (2024 година).

## Под покровителство на градоначалникот и Советот на Општина Куманово се одржаа повеќе настани и манифестации, при што издвојуваме дел од нив:



Василица



Мотивациска работилница за креативно пишување



Танцов натпревар„Куманово Денс ОПЕН“



Мојот град и околина низ објектив



Модна ревија со орнаментика од народни костими „Ново руво со стари кројки“



Одбележување на борбата кај с. Пелинце



Одбележување на националниот празник на Србите во Македонија Свети Сава



Одбележување на загинувањето на националниот херој Христијан Тодоровски-Карпош



Одбележување на формирањето на Трета МУБ



Ден на просветни работници Албанци



„Жените и фотографијата“



Книжевна вечер со Мома Стефановиќ



Концерт „Концерт под маските“



Одбележување на 6 Април, бомбардирање на аеродромот во близина на Куманово



8 Април – Светски ден на Ромите



Велигденски концерт



„Ехото на Македонија" – музичка вечер




50 години драмско денонокие на Стоје Додевски




Велигден – традиција и култура



Ден на македонска азбука - 5 Мај



Бајрамски заеднички ифтар



Натпревар со цртежи од моден дизајн




Јубилеен концерт на КУД „Српски вез“ – Куманово



Детска ликовна колонија „Пчиња“



Ден на Сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј



Уличен фестивал „Куманиум“



Културна детоксикација



По стапките на Карпош



Игра – Play



Меѓународна изложба на историски возила – олдтајмери




Локален детски ТВ Фестивал „Бисерчиња“



Концерт на класична музика



Мурали



Малински фото фестивал



Отворено лето 2024



Детска ликовна колонија „Фрагменти од мојата имагинација"




Концерт на епска песна – Kenga Epike



Мали но големи пеачи



Пикник у Пелинце



Концерт на Трио Џентлмен



Меѓународен детски фестивал „Срма“



Доделување на награди за најдобра литературна творба



Одбележување на АСНОМ



Јубилеј 75 години ФКК „Козјак“- Куманово



Одбележување на 8 Септември – Ден на независноста на РМ



Свечена седница на Совет на Општина Куманово



Пригодна културно-уметничка програма 11 Октомври



Ден на Македонска револуционерна борба



Програма за одбележување на Ден на албанското знаме



Одбележување на „Св. Климент Охридски" – просветител



Водици „Пивтијада"



Одбележување на верски празник Свети Трифун



Карадачки поетски средби



Маскенбал „Батко Ѓорѓија“



Изложба на уметничка фотографија „Мајски салон“



„Денс Фест Куманово“



Мото рок фест



Матурски хепенинг



Детски музички фестивал на албански јазик „Пеперутка“



Фолклорен концерт



Детски ликовен камп „АСНОМ“



Ликовна колонија „Карпино“



Ден на албанска азбука




Хип хоп Тумбсток



Вечер на руска музика – Петар Илич Чајковски



Фестивал „Art Attack“




Фолклорна смотра „Куманово“



Танцов перформанс на балетско студио „УЛТРА“



Меѓународен поетски митинг „Кокински мугри“




Меѓународен тамбурашки фестивал „Куманово“




Нино со љубов, песни и вино



„Поети имитираме - оригинално рецитираме“



Џез фестивал



Балкански фолклорен фестивал



Фестивал на детска песна „Распеано детство“



Ликовна колонија „Куманово“



Етно фестивал „Денови на балканска етно ризница“



Фестивал на хумористични песни „Тумба фест“



Фестивал на краток филм „ФИЛМАЈ“




Гитаријада



Меѓународен театарски фестивал „Денови на комедија“



Дувачки средби „Рома Труба фест“



Голем концерт 78 години уметност, култура, традиција



Фото приказна – Photo story



Новогодишна програма за деца и ученици - Пречек на Дедо Мраз



Светот на Биби



Вечер со боја на вино



Ликовна изложба на кумановски ликовни уметници



Годишен концерт на ДМФА „Срма"



Новогодишна танцова претстава „Желбите на Дедо Мраз"



Меѓународна изложба на уметничка фотографија Фото салон „Куманово"



Бадникова поворка



Графити фест



Денови на српската култура во Куманово



Изложба на традиционални рачно изработени елементи, народни костими и орнаменти од народни носии „Етно соба и етно музеј“



Карпошова вечер



Кумановска суџуклијада



Одбележување на победата на фашизмот и Ден на Европа



Пензионерите за својот град



Прва самостојна изложба на Драган Бошковски




Ревија на народни носии со концертна програма „Традиција во душа“



Цветници

Дополнително, се одржаа и настаните: Фестивал на хумор и смеа; Соколана низ историјата; Моето село низ објектив; Издавање на монографија „Наше Куманово“; Театарска претстава за деца и млади мјузикл „Капетан Џон“; Танцов перформанс на Dance Team Fusion – „Voices Unheard“; Мапа за млади патници; „Вистина или лудост“; Концертна промоција на КИСИТИ-КИСИТИ; Куманово низ призмата на уметноста; Фотоколонија „Мистериите на Бислим“; Последна карта – документарен филм; Приказна за љубовта од Истокот; Традиции и обичаи од нашиот крај; Патот на православието; „Тутуноберачи“; Патот на револуцијата-НОБ во Македонија 1941-1945 низ фотографии; Биди и ти КУЛтура; Ентомо – Фото фест; Јубилеј 75 години Театар Куманово, Театарска претстава „Калигула“; „Прозбори да видам кој си“; Долгометражен игран филм „Под површината“; Маркаме; Бела Ноќ Куманово (проекција на фасада со мапинг); Дисперзиран Bookstar Куманово; „My pen - Моето перо - Pena ime“; Учество на претставници од Куманово на карневал „Тримери“ во Струмица; Летна школа за литература; Промовирање на локалитети од културно и историско значење на Општина Куманово; Вечер на староградска македонска музика; „Плетенка“; Memento mori – видео инсталација и проекција на фасада со мапинг.










Во мандатот 2017 – 2021 на полето на културата, како едно од најважните обележја на градот беше големиот јубилеј „500 години Куманово“ во 2019 година којштo го прославивме и го одбележавме со бројни настани, манифестации и свечености, а Куманово беше прогласен и за „Град на култура“, со што доби дополнителни финансиски средства од страна на Министерството за култура на РС Македонија.

Во рамки на Програмата за одбележување на 11 Ноември - Ден на ослободување на Куманово и 500 години Куманово, „Ноемвриски денови – 2019“ се одржа Свечена седница на Совет на Општина Куманово и полагање цвеќе на Спомен костурница со пригодна програма.


















Јубилејот „500 години Куманово“ го прославивме со 3-дневен МЕГА КОНЦЕРТ на градскиот плоштад, кога за првпат организиравме заеднички концерт на мега ѕвезди од повеќе етникуми, како што се: Лепа Брена, Ценан Лончаревиќ, „Елита 5“, Кастро, „Некст тајм“ и други, со над 10.000 посетители од сите генерации собрани на плоштадот, заедно уживајќи во звукот на музиката.

По повод одбележување на овој значаен јубилеј се одржаа повеќе настани, меѓу кои издвојуваме дел од нив.



„Рома Фешн“ и Фестивал на ромскиот фолклор „Јекипе – Единство 2019“ со АНРИП „Рушит Шакир“ – Куманово.



Слет (музичко-ритмичка програма) со ЈОУ Детска градинка „Ангел Шајче“ под мотото „Ние сме ветрот на бесконечноста“.



Фолклорен концерт по повод Ден на градот со КУД „Бајрам Шабани“ – Куманово.



Ликовна изложба на портрети на градоначалници на Куманово.



„Пензионерите за својот град“ со Здружение на пензионери-Куманово.



Промоција на монографија на Аероклуб „Куманово“.



Вечер посветена на музиката на Трајко Прокопиев.



Меѓународна изложба на уметничка фотографија - Фото Салон „Куманово 2019“.



Квиз „Колку го познаваш својот град?“.



Ликовна изложба на кумановски ликовни уметници со НУ „Народен музеј“ – Куманово.



Модна ревија со Здружение на чевлари и Фондација за култура и спорт „Куманово“- Куманово.



Литературно-поетска вечер „Поткозјачки литературни средби 2019“ со Здружение „Јустиција“ – Куманово.



Ликовна изложба „Арт меморија“ со НУ Музеј – Куманово.




Промоција на документарен филм за Драгомир Шојиќ со Фондација за култура и спорт „Куманово“.



Гитаријада во Куманово со Фондација за култура и спорт „Куманово“– Куманово.



Промоција на монографија „Куманово, време во неговите времиња“.



Концерт во организација на ДМФА „Срма”- Куманово.







Се одржа промоција на видеозапис на песната „Јовка Кумановка“, која беше преработена од познатото дуо “Некст тајм”, по повод Денот на градот и 5 века Куманово, проект поддржан од Фондација за култура и спорт, под покровителство на градоначалникот и Советот на Општина Куманово, спонзориран од општествено одговорната компанија „Екстра Меин“ – Куманово.



Во изминатите четири години традиционално се одржаа повеќе културни настани, од кои издвојуваме повеќе во продолжение.



Свечено одбележување на Ден на градот – 11 Ноември.



Детски ликовен камп „АСНОМ“.



Биенална изложба на слики и графики од Детски ликовен камп „АСНОМ“.



Одбележување на Водици - „Пивтијада“.



Одбележување на верски празник Свети Трифун со закројување на лозје.



Маскенбал „Батко Ѓорѓија“.



8 Април - Светски ден на Ромите со презентација на ромскиот фолклор, музика и песна.



Одбележување на Денот на Сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј.



Матурска парада и матурски хепенинг.



Бдеење на Кокински мугри.



Ликовни колонии „Куманово" и "Карпино".



Меѓународен фестивал „Рома труба фест".



Меѓународен тамбурашки фестивал.



Меѓународен театарски фестивал „Денови на комедија".



„Поткозјачки литературни средби".



Одбележување на Свети Спиридон - заштитник на чевларите со Здружението на чевларите од Куманово.



Изложба на графики во Куманово.



Карпошова вечер во Куманово.



Карадачки поетски средби со книжевниот клуб „Јехона е Карадакут“.



Детски музички фестивал на албански јазик „Пеперутка“ со Здружение на уметници „ХАЕМ“ Куманово.




Фолклорен концерт со културно-уметничкото друштво „Српски вез“ Куманово.



„Шегобијна разгледница“ со Здружението на пензионери - Куманово.



Меѓународна изложба на уметничка фотографија Фото салон „Куманово“.



Новогодишен детски музички хепенинг.



Фестивал на македонска народна шегобијна песна „Тумба фест“.



Ден на албанската азбука и Недела на албанска култура.

Фондацијата за култура и спорт „Куманово“ под покровителство на градоначалникот и Советот на Општина Куманово, поддржа уште еден успешен музички проект, преработка на легендарната песна „Бабино девојче“ во изведба на актуелното дуо Александар и Дац заедно со Нино Величковски.

Од страна на маестралните Миле Барбаровски и Огнен Неделковски беше создадена и песна со видеоспот „Ода за Куманово“ во изведба на истакнати музички имиња од нашиот град, како што се Мартинијан Кириловски, Ивона Јовановиќ, Марио Арангеловски, Нино Величковски, Маргица Антевска, Драгана Јовановска и новиот состав на „Октет Куманово“.



Одбележување на празникот Свети Сава.







Изложба на уметничка фотографија „Мајски салон“ со Фото кино клуб „Козјак“.



Натпревар во модерен танц „Денс Фест Куманово“.



Јубилеј „Низ времето патуваме и роденден прославуваме” со ЈОУ Детска градинка „Ангел Шајче“.



Ден на просветни работници Албанци.



Изложба „500 години Куманово“.



Изложба „100 години од творештвото на Трајко Муфтински”.



Концерт на Маргица Антевска.



Изложба на византиски и поствизантиски сакрални споменици во Куманово.



Претстава „Коштана” во изведба на КУД „Ѓоко Симоновски” и Здружение на пензионери – Куманово.



Одбележување на 20 Септември – Ден на пензионерите.



Летна школа за поезија, проза и драма.



Меѓународна ликовна изложба „Карпино“.



Бајрамски концерт со Исламскиот младински форум.



Ден на Власи со Здружението „Халча ал Брова“.



Бајрамски заеднички ифтар со Исламскиот младински форум – огранок Куманово.



Проекција на филм за Соколана.



„Ние сме НАТО“ - неделата на НАТО со отворен ден на Армијата за граѓаните.



Велигденски концерт во изведба на хор „Св. Злата Мегленска“.



Пролетен џез концерт.



Концерт на СОУ Гимназија - „Гоце Делчев“.



Фолклорна смотра во Куманово.



„МОТО РОК ФЕСТ“ – Куманово.



Ликовна изложба на портрети на американски претседатели.



Прв Меѓународен фолклорен фестивал.



АРТ АТАК ФЕСТИВАЛ - Куманово.



Меѓународен саем на органска и традиционална храна „Органска трпеза“.




„Игри без граници“со Детска градинка „Ангел Шајче“.



Фото изложба „Кина во моите очи“.



Проекција на филм за СОУ Гимназија „Гоце Делчев“.



Промоција на книга „Живот у Куманово” на Мирко Зафировски.



Промоција на двојно ЦД на Маргица Антевска.



Донаторски настан „Куманизам – Хуманизам“.



Новогодишен „Денс Фест“.



Промоција на музички проект „Кумановци за Куманово“.



Промоција на ЦД на „Октет Куманово“.



Свечено одбележување на кинеска Нова година.



Волшебниот јануари.



Проекција на документарен филм за кошаркарски турнири во Соколана.



Промоција на книгата „Традиционалното и современото културно живеење во Куманово“.



Јубилеј на Градска музика „Илинден“.



Прв училишен ден и прием на првачињата.



Онлајн концерт за време на полициски час.



Богородичен концерт на хорот „Св. Злата Мегленска“ во црквите „Свети Ѓорѓи“ и „Свети Никола“.



Промоција на монографија за „Октет Куманово“.



Изложба на црногорско кирилично печатарство во 15 и 16 век.



Графити фест во Куманово.



Промоција на зборникот „Навраќање кон Конески“.



Промоција на книга „По што га препознавамо Куманово?“.



Прогласување на најдобри учесници на проектот „Кумановско тинејџ перо“.



Доделување на признанија на првенци на генерација од основни и средни училишта во Куманово и Старо Нагоричане.



Џез концерт во Куманово.



Фестивал „Урбан начин на живеење како културно наследство“, по повод свечено отворање на поранешен хотел „Солун“.



Ден на женско претприемништво.



Промоција на монографијата „Коло на српските сестри” Куманово - ” Некогаш и сега”.



Прва самостојна изложба на Павел Милановски - „Почеток“.



Ревија на музика, песни и игри со Здружение на пензионери – Куманово.



Промоција на проектот „Учи паметно, работи стручно“



Отворање на Етно одаја со Регионална занаетчиска комора – Куманово.



Модна ревија „Традицијата и современото живеење“.



Промоција на книгата „90 години Соколана“ на авторот Марјан Стошевски.



Изложба по повод Денот на независност на САД – 4 Јули.



Одбележување на празникот Богојавление – Водици со Здружението на спортски риболовци „Пчиња“.



Бадникова поворка во Куманово.



Културен настан „Дедо Мраз на мотор" со Мото клуб „Мечки".



Отворена историската постојана поставка во куќа-музеј на Христијан Тодоровски – Карпош.



"Безбедни училишта"- традиција на меѓусебно запознавање и почитување на различностите.



Годишнина од постоење на Пчеларското здружение „Пчела" - Куманово.



Традиционално фрлање на Светиот крст.



Изложба во рамките на проектот „Сочувување на старите занаети кои овозможуваат развој на занаетчиско претприемништво".



Прв уличен фестивал „КуманиУм".



Изложба на творештво на зоографите од 19 и почеток на 20 век.



Изложба на фотографии и промоција на монографија „Тамбурата на Шоиќ".



Традиционалната Меѓународна средба на пензионери.



Велигденски хепенинг „Празниците зближуваат“.



Велигденски концерт во црквата „Св. Никола“.



Балетска претстава „Либертанго“.



Денови на медот во Куманово.



Одбележување на Светскиот ден на учителите.



Одбележување на првиот ден на есента со ЈОУ Детска градинка „Ангел Шајче“.



Велигденска претстава и базар во ООУ „Крсте Мисирков“.



Одбележување на 2 Април – Светскиот ден на аутизмот.

Се одржаа и настаните: Светски ден на книгата и авторско право со ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“; прослава на Курбан Бајрам со едукативно Здружение „Влазниа“; Свечена седница на ОО СБМ – Куманово; Ден на албанско знаме со КУД „Бајрам Шабани“; промоција на книги на Златомир Јовановиќ и Ибраим Џемаил; Меѓународен ден на музеите; изложба на Фото клуб „Куманово“; шести Малински фото фестивал; „ФИЛМАЈ“ – Филмски фестивал на ФКК „Козјак“; ретроспективна изложба на стрип; првоаприлски концерт; хуманитарна лицитација на уметнички дела на ученици од СОУ „Перо Наков“; традиционална унгарска кујна на слатки; музичкиот свет на Миодраг Божиновски; завршен концерт на Образовна академија „Виртуал М“ (музички отсек); промоција на песните „Човек оркестар“ и „Грација“; одбележување на Меѓународен ден на мирот; промоција на документарен филм „Мека душа за тврдо железо“; ревијално прикажување на документарни филмови; одбележување на Недела на детето; проекција на француски филм; Културна детоксикација; промоција на „Таму некаде“ од Стоје Додевски; промоција на видеозапис за песната „Земи го срцево“ на Стефан Стојановски; аматерска претстава „Зла жена“; концерт по повод Светски ден на џезот; 35 години јубилеј „Нино и пријателите“; онлајн концерт и снимање на видеозапис за песната „Биди ми брат“.











# СПОРТ

Куманово е спортски град, надалеку познат по незапирливиот навивачки дух и успешни спортисти, кои ни донесоа бројни награди, признанија и медали. Со спортистите во различни спортски дисциплини се радуваме на секоја победа и успех, кои преку индивидуални и колективни спортски активности се заслужни за кумановската непроценлива спортска историја и традиција.

Во спортски дух се реализираа спортски настани под покровителство на Општина Куманово, како активности низ организиран систем на натпревари, преку Општински сојуз на спортови и Општински сојуз на училишен спорт. Бројни спортисти во колективни и индивидуални спортски дисциплини од локалните клубови и општинските училишта, на општински и зонски, регионални и државни првенства донесоа награди, медали и титули, докажувајќи дека сè уште сме носители на високи спортски резултати.

Во продолжение издвојуваме дел од спортските активности во мандат 2021 - 2025 година:



Прогласени се најдобрите спортисти за 2024 година во Општина Куманово.



Градоначалникот ги отвори трките „Born 2 run“.




ТРКА НА МИР



Традиционален Меморијален турнир во чест на ракометарката Јасмина Голубовиќ.



Атлетски митинг.



Турнир во прецизно слетување со едрилици.




Меѓународна велосипедска трка од највисок ранг-C1.



Традиционален турнир во мал фудбал „ВИДОВДЕН“.



Меѓународно првенство во бокс „Open Balkan“.



Традиционален Меморијален боксерски турнир „Мирослав Петровиќ“.



Традиционален Меморијален ревијален ракометен натпревар во чест на ракометниот великан Чедомир Трајановиќ.



Младински фудбалски турнир „ОПЕН ФУДБАЛ“.



Предновогодишен турнир за лица со инвалидитет во шах, пинг-понг и електронско пикадо по повод 3 Декември, Меѓународен ден на инвалидитет.



Велигденска манифестација - турнир во кршење јајца „Велигден, ист на различен начин“.



„Мали велосипедисти“, велосипедски натпревар за најмалите од Детската градинка „Ангел Шајче“.




Меморијален ракометен натпревар во чест на ракометарот Љубомир Насковски - Мастика.



Меморијален турнир во мал фудбал во чест на Ванчо Ивановски - Старејко.



Турнир во шах.




Традиционален турнир во пинг-понг



Традиционален турнир во мал фудбал за ПЕХАР НА ГРАДОНАЧАЛНИК



Традиционална УЛИЧНА ТРКА



Велосипедска манифестација „11 Октомври“.



Фудбалски натпревари помеѓу ветераните од нашиот град



Женски одбојкарски турнир



Меѓународен аикидо семинар



Турнир во стрелаштво со воздушна пушка

## Спортски успеси:

Ракометарките на ЖРК „Куманово“ го освоија државниот куп.

МКК „Куманово“ без пораз ја освои втората кошаркарска лига на Македонија и избори пласман во елитниот ранг на македонската кошарка.

ГФК „Куманово“ го освои првенството за сезоната 2023/2024 во трета лига – Север.

Градскиот Футсал клуб „Форца“ беше шампион во футсал натпреварувањето за 2023/2024 година, со што обезбеди учество во Уефа футсал натпреварувањето.

На меѓународниот натпревар во прецизно слетување со едрилица, спортистите освоија две награди. Во категоријата на професионалци во поединечна конкуренција, Ненад Давидовиќ од АК „Куманово“ освои бронзен медал, додека во екипна конкуренција заедно со Бобан Милановски од истоимениот Аеро клуб, освоија сребрен медал.

На отвореното првенство на Македонија во тенис, млади тенисери Анастасија Арсовска и Алексеј Стојановски освоија златни медали во јуниорска конкуренција до 12 години.









Бобан Стефановски го искачи највисокиот планински врв во Иран и Мала Азија-Дамаванд.

Малите олимписки игри се повеќе од успешни за учениците и наставниците од основните училишта во Општина Куманово. Имаме вкупно ТРИ ДРЖАВНИ ПРВАЦИ и ЕДЕН ВИЦЕШАМПИОН!

Каратистите на КК„Башкими 2002" – Куманово освоија два златни и еден сребрен медал, во категорија на кадети, јуниори и спортисти до 21 година, на балканското првенство кое се одржа во Љубљана, Словенија.

Фудбалерите на ФК „Башкими 1947" изборија пласман во првата фудбалска лига.

Боксерот на БК„Куманово 84", Бајрам Мамутовски, освои златен медал на јуниорското и младинско балканско првенство во Романија.

Кик боксерот, Данило Методиевски, освои сребрен медал на светски кикбокс куп во Лидо ди Јесоло, Италија.

На интернационалниот натпревар во бодибилдинг „Паљо класик" нашите претставници, Марио Петровски и Дарио Трајковски, освоија златни медали.










Општина Куманово е прв град во државата носител на највисокото признание во Европа – Европски град на спортот за 2019 година од Европската асоцијација на градови на спортот ACES од Брисел, од причина што овде се практикува спорт и за мажи и за жени, од 8 до 88 години.





На иницијатива на старите спортски легенди од Куманово, пред спортскиот објект Соколана на градоначалникот Димитриевски му подарија кошаркарска топка со потписи на сите спортисти, како знак на благодарност за целокупниот ангажман и активности околу реконструкцијата на комплексот Соколана.



Со свечена манифестација беше отворено реконструираното спортско игралиште во комплексот Соколана, на кое присуствуваа истакнати лица од политичкиот, спортскиот и културниот живот во нашата држава и регионот. На отворањето беа доделени плакети и признанија на спортските ветерани.



Се реконструираше и постоечката фонтана пред поранешниот хотел „Кристал", во форма на т.н. Олимписка чешма, со испишани имиња на кумановските олимпијци Аце Русевски, Реџеп Реџеповски и Бранимир Јовановски, со цел да им се одаде признание на спортистите.





На територија на Општина Куманово функционираат 42 спортски клубови, кои се членки на Општински сојуз на спортови Куманово, 17 фудбалски екипи – членки на Општинскиот фудбалски сојуз и 20 училишни спортски клубови – членки на Општински сојуз на училишен спорт Куманово. Во Општинскиот сојуз на училишен спорт функционираат 5 средни и 16 основни училишта, со по 4 екипи (ракомет, мал фудбал, кошарка и одбојка).



Во 2017 година следниве клубови во лига системи на натпреварување забележаа значајни резултати:

Одбојкарски клуб „Куманово“ го освои првенството и купот на Македонија, како најголем успех во екипна конкуренција;

Во рамките на турнирски натпреварувања ВК „Вело-М“ стана државен првак со право на учество на меѓународни трки.

Атлетски клуб Куманово стана севкупен првак на Северна Македонија.

КК „Куманово 2009“ го постигна најголемиот успех на меѓународен план играјќи во финалето на меѓународна БИБЛ лига, кое имаше голема посетеност, што го потврдува интересот и поддршката на љубителите на спортот;

ЖРК „Куманово“ успешно нè претставуваше во суперлигата и успеа да се квалификува за учество во челенџ куп на Европа;

Во 2018 година во лига системи на натпреварување од спортските клубови се истакнаа:

КК „Куманово 2009“ учествуваше на фајнал фор на првенство на Македонија;

ЖРК „Куманово“ учествуваше во Супер лига и се квалификуваа за учество во Челенџ КУП на Европа;

Одбојкарски клуб „Куманово“ по вторпат го освои купот на Македонија и второ место во лига систем на натпреварување;

Во турнирските натпреварувања ВК „Вело-М“ остана на тронот државен првак.





Атлетски клуб „Куманово“ стана севкупен првак на Македонија;

Пинг-понг клуб „Куманово“ е освојувач на второ место во втора државна лига;

Боксерски клуб „Куманово 84“ на државното првенство во сите категории освои 5 медали.

Традиционалните спортски настани во 2019 година се реализираа по повод 500 години постоење на град КУМАНОВО, а под мотото „КУМАНОВО ЕВРОПСКИ ГРАД НА СПОРТОТ ЗА 2019 ГОДИНА“, признание кое се темели на досегашните спортски достигнувања, развој на спортот во сите дисциплини, категории и возрасти и изградба на спортски капацитети и спортска култура. Признанието е добиено од ACES - Европска асоцијација на градови на спорт.






Општински сојуз на училишен спорт од 2019 година организира лига натпревари на општинско ниво во ракомет, кошарка, одбојка, футсал и куп систем на натпревари во фудбал за основни и за средни училишта во машка и женска конкуренција.

Покрај учество на натпревари Сојузот беше организатор на најголемите манифестации во училишен спорт, како што е организирање на државни лиги, каде се одржаа 3 државни лиги и 5 државни првенства за основни и за средни училишта.

ОСУСК организира и други натпревари и активности, како што се: турнир во футсал за средни училишта во машка конкуренција по повод 11 Ноември за Пехар на градоначалник, турнир во футсал за основни училишта машки и женски во проектот „Безбедносни училишта“, инклузивна (штафета) трка на ученици од општинските основни училишта, лига систем на натпревари за II и III одделение и IV и V одделение, каде првопласираните учествуваа на државната завршна манифестација на стадиони на ФФМ.

На државни натпревари од основните училишта незавидни резултати забележаа: ООУ „Бајрам Шабани“ – фудбал женски - 3 место; ООУ „Бајрам Шабани“ – фудбал машки – 3 место; ООУ „Наим Фрашери“ – футсал машки – 6 место.

Од индивидуални спортови, во атлетика ООУ „Кочо Рацин“ бележи успеси: височина машки – 2 место, далечина машки – 3 место, далечина женски – 3 место, ООУ „Крсте Мисирков“ височина машки – 1 место, далечина машки – 2 место, штафета 4x100 метри машки – 1 место, 300 метри женски – 3 место, штафета 4x100 женски– 2 место, височина женски – 2 место, далечина женски – 2 место, ООУ „Магдалена Антова“ – 100 метри женски – 3 место, далечина женски – 1 место.

Од средните училишта: СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ – кошарка машки – 1 место; СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ – футсал женски – 2 место.

Од индивидуални спортови, во атлетика СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ има освоено: 100 метри женски – 3 место; скок во височина машки – 2 место.

Во лига системи на натпреварување следниве клубови забележаа значајни резултати:

ЖРК „Куманово" е освојувач на куп на Македонија.

ВК „ВЕЛО-М" стана државен првак во велосипедизам, со право на учество на меѓународни трки, европски и светски првенства во поединечна и клупска конкуренција.

Атлетски клуб „Куманово" стана државен првак во сите категории во атлетскиот спорт во машка и женска конкуренција.

Стрелачкиот клуб „Куманово 2000" освои трето место во поединечна и екипна конкуренција во првата државна лига.

Пинг-понг клуб „Куманово" освои трето место на републичко првенство за млади.

Во 2019 година има и новоформирани клубови, кои станаа членки на Општински сојуз на спортови Куманово и тоа: Женски одбојкарски клуб „Куманово", Атлетски клуб Теута, Шаховски клуб „Фишер", Кајакарски клуб „Куманово", а покрај нив пристапници за членство во ОССК потпишаа уште пет веќе формирани спортски клубови.

Сојуз за спорт и рекреација на инвалиди Куманово во 2019 година имаше низа спортски активности, како од домашен, така и од меѓународен карактер во 4 категории и тоа: стрелаштво, пинг-понг, атлетика и шах. Во дисциплината пинг-понг имаат освоено прво место во државна лига во категорија на инвалидност 9-10, прво и второ место на државно ниво, учество на меѓународни турнири во Црна Гора, Србија и Бугарија.







Организатори се на меѓународен турнир на Ден на пинг-понг, 6 Април во Куманово и меѓународен турнир по повод „11 Ноември"– 500 години Куманово.

Во дисциплината стрелаштво имаат освоено 3 купа, државно првенство, додека олимпиецот Бранимир Јовановски има земено учество на меѓународни натпревари како селектор и натпреварувач во Германија, Франција, Хрватска, Австралија и Кореја.

Во атлетика се закитија со прво место на државно првенство.

Во шах имаат организирано државно првенство, турнир по повод Меѓународен ден на инвалиди, земаа учество на меѓународен турнир во БиХ, учество на отворено првенство во Скопје по повод Ден на градот.





Сојузот успешно се справува со реализација на својата програма, како и програми на своите членки, претставувајќи во вистинска смисла на зборот, Куќа на спортот во Општината, за што има и добиено високи признанија од повеќе национални спортски Федерации и потврдено со посебно признание од Сојузот на спортските федерации на Македонија.

Во 2020 година продолжија активностите на Општински сојуз на училишен спорт, но поради пандемијата со Ковид-19 се прекинаа сите училишни спортски активности.

За првпат во нашата држава се одбележа Европски ден на спортот во училиштата, каде беа вклучени професори по физичко и здравствено образование, со специјално подготвени и реализирани видеоматеријали за таа намена.

Од клубовите во лига системи на натпреварување, КК „Куманово 2009“ се натпреварува во првата државна лига, меѓународна БИБЛ лига и младински категории и се задржа на 5-то место по прекин на првенството.

ЖРК „Куманово“ континуирано го држи првото место во супер лигата, прво место на регионално првенство, во ЕХФ лигата стигна до трето коло, исто така и младинските екипи се на прво место генерација 2000 година и генерација 2002 година, а во 2021 година повторно го освои купот на РСМ и прво место во супер лигата на РСМ.

Младински кошаркарски клуб „Куманово“ се натпреварува во втора лига за сениори, а со младинските екипи се на 5 место.

ВК „ВЕЛО-М“ се натпреварува во државна лига со освоено второ екипно место во друмски велосипедизам и трето екипно место во планински велосипедизам.

ВК „КРОСС САЈКЛИНГ“ Куманово стана државен првак во планински велосипедизам.

Атлетски клуб „Куманово“ стана државен првак во сите категории во атлетски спорт во машка и женска конкуренција.

Стрелачкиот клуб „Куманово 2000“ во прва државна лига освои трето место во поединечна и екипна конкуренција.

Пинг-понг клуб „Куманово“ во државната лига освои трето место на републичко првенство за млади пинг-понгари.

Во периодот од 2018 до 2021 година се одржаа повеќе спортски настани од кои издвојуваме дел во продолжение.



Велосипедска трка „Трофеј 11 Октомври“.



Меѓународен митинг во атлетика.



Меѓународен куп во спортско риболовство.



Младинско пионерско првенство на град Куманово во шах.



Меѓународен турнир во шах.



Аикидо семинар.



Семинар на боречки вештини.




Меѓународен турнир во пинг-понг.



Турнир во мал фудбал за пехар на градоначалник.



Атлетска трка по повод празникот 11 Октомври.



Мали олимписки игри, спортски игри за основните и средните училишта.



Меѓународен БЛАНИК КУП во спортско едриличарство на спортски аеродром Аџи Тепе.



Државно првенство во атлетика.



Државно зимско првенство во пливање.



Државно првенство во кошарка за основни училишта.



Меѓународен турнир во кошарка за кадети „Растеме заедно“.



Меѓународен натпревар во планински велосипедизам.



Шаховски меч помеѓу членовите на Шаховските клубови од Куманово и Прилеп.



Забавни фудбалски школи.



Традиционален турнир во мал фудбал „ВИДОВДАН".



Промоција на проектот „Пливај и uживај".



Училишна спортска недела за основни и средни училишта во Општина Куманово.



Одбележување на 10 Мај, Светски ден на физичка активност.



Прогласување на најдобрите спортисти во годината.



„Зимски фудбалски радости" за учениците од второ до петто одделение.



Проект „Избери го вистинскиот спорт".



„Европска недела на мобилност" во Куманово.



Атлетска ноќна трка.



Традиционален пинг-понг турнир.



Државно првенство во велосипедизам.



Тениско првенство за тенисери и тенисерки до 14 години.



Шаховски рапид турнир.



Турнир во одбојка за жени и промоција на новоформиран Женски одбојкарски клуб „Куманово“.



Турнир во кошарка со КК„Куманово“.



Прв Меморијален боксерски турнир„Мирослав Петровиќ 2021“.



Атлетска трка низ улиците на Куманово (Run 4 inclusion).



Меѓународен фудбалски турнир „Долно Којнаре“.



Државно првенство во бразилска џиу-џица.



Меѓународен натпревар во планински велосипедизам - ХСО Куманово.



Симултанка во шах со Жарко Митковски по повод Ден на жената.



Ракометен турнир КАРПОШ.

Ги издвојуваме и следните спортски настапи на нашите клубови и спортисти: Кик бокс „Куманово 2006“ на меѓународен ММА турнир; Карате клуб „Куманово-75“ на интернационален карате турнир ИППОН КУП Лесковац 2019, Р Србија; атлетичарите од АК „Куманово“ учествуваа на Меморијален митинг „Влатко Димитров“-Скопје; машката екипа на УСК „Крсте Мисирков“ зеде учество на 25 училишно светско првенство во атлетика во Сплит, Р Хрватска; Д`Стронгест и Рутс БЈЈ Куманово – клуб за бразилска џиу џицу на турнири во Србија, Бугарија, Италија, Македонија; БК „Куманово 84“ на меѓународен боксерски турнир во Ниш и други.

**КУМАНОВО Е СПОРТСКИ ГРАД - КУМАНОВО ПРОДОЛЖУВА ДА ПОБЕДУВА!**




KUMANOVO


KVIN

27.700m+
АТМОСФЕРСКА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

9.800m+
ВОДОВОДНА МРЕЖА

348.000m²+
АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА

27.000m²
ТРОТОАРИ

91.000m²+
БЕКАТОН

340.000m²+
ТАМПОНИРАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ПАТ

280+
ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

23
4 САЛИ И 19 СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА

7.250.000m³+
ИСПОРАЧАН ПРИРОДЕН ГАС ДО ПОТРОШУВАЧИТЕ

26.500+
НОВИ ЗАСАДЕНИ САДНИЦИ

5.000
ПОДЕЛЕНИ ПАКЕТИ СО ПОМОШ ВО КОВИД-19 КРИЗА

150+
РАСЧИСТЕНИ ДИВИ ДЕПОНИИ

220+
ПОДДРЖАНИ КУЛТУРНИ НАСТАНИ ПРЕКУ ФОНДАЦИЈА ЗА КУЛТУРА И СПОРТ

50+
ПОДДРЖАНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ

# КУМАНОВО ПРОДОЛЖУВА ДА СЕ МЕНУВА!

ОТЧЕТ 2025